**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Дваесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 јуни 1999 година**

Седницата се одржа во сала 1 во Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,45 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа по Дваесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ѓулистана Марковска и Данило Глигоровски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Според мојот монитор, во овој момент се присутни 79 пратеници.

Според тоа, констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Преминуваме на втората точка - Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Фондот за социјален развој при Советот на Европа, по договорот за заем по проектот за финансирање на мали и средни претпријатија заради поттикнување на вработеноста, со Предлог на закон.

Предлогот за донесуваше на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Збор побара министерот за финансии, господинот Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа, пред вас е еден закон со кој уште еднаш Македонија ќе се задолжи во странство. Сигурно, секој од нас ќе си го постави прашањето дали и до кога Македонија мора да се задолжува во странство за решавање одредени економски и социјални проблеми во Републиката.

Меѓутоа, јас морам да кажам дека многу години Македонија се наоѓа во една економска, а посебно во една социјална криза, каде стапката на невработеност постојано се зголемува. Таа стапка беше над 35%, а после косовската криза е уште поголема.

Се наметнува прашањето како треба да го решаваме овој проблем, бидејќи тој проблем е и приоритет на Владата, прашањето на борбата против невработеноста. За тоа прашање сигурно се потребни ресурси односно средства и се поставува прашањето дали Македонија ги има тие средства. Македонија нема такви средства, затоа што Македонија е истрошена, домашна акумулација не постои затоа што скоро сите претпријатија во Македонија се на границата на рентабилност или работат со загуба, така што домашна акумулација нема. Се поставува прашањето дали имаме штедење. И тоа го немаме како акумулација, после пирамидалните штедилници во Македонија штедењето кај нас е сведено на минимум. Така, единствен извор на средства за решавање на тој тежок проблем во Македонија е билатералната помош од странство. Таа би била најдобра ако биде во форма на директни странски инвестиции. Меѓутоа, има директни странски инвестиции, тие се уште се малку и како Влада не сме задоволни со тие директни странски инвестиции, иако во последните два-три месеци имаме огромен број на такви инвестиции, кои досега ги немавме. Меѓутоа, тие инвестиции сега за сега не го решаваат прашањето на невработеност, така што ние посегнавме по други извори.

Се обративме до Фондот за социјален развој на Европа. Тоа е еден нов фонд кој работи 30 години, Фонд кој го користат не сиромашни земји, Фонд кој го користат развиените земји во Западна Европа и средства од тој фонд обично користат и најразвиените земји во Европа, а тоа е Германија, Франција, Шпанија, Англија и другите развиени земји, а тука до нас и Грција. Ние побаравме еден кредит од Фондот за социјален развој за решавање на прашањето на невработеност. Тој кредит од 10 милиони долари ние го побаравме за да решиме одредени проблеми на невработеноста. Тоа е кредит кој е со рок на отплата од 15 години, грејсперparams од 5 години, со просечна каматна стапка од 4,36%. Значи, тоа е многу поволен кредит, а ќе се употреби за следните намени. Ќе се употреби во областа на прехранбената индустрија, во областа на текстилната индустрија, преработувачката индустрија и други дејности на односно фирмите на кои ќе им се дава ваков кредит, ако вработуваат луѓе. Се предвидува дека со овој кредит во Македонија ќе се вработат меѓу илјада и илјада и двеста работници. Тој фонд исто така има еден услов, по малку да ја по успеши и домашната акумулација, така што средствата ќе се дадат преку две овластени банки и тие банки ќе мора исто така да учествуваат со сопствени средства за тие инвестициони зафати кои се прават со тој фонд. Ако тоа не го прават банките, тогаш ќе го прават корисниците на тие кредити кои ќе го користат тој кредит и кој е многу евтин.

Предлагам да се донесе тој закон, затоа што тоа е едно решение за постепено решавање на проблемот на невработеноста во Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на министерот Борис Стојменов за воведното излагање.

Молам, кој бара збор?

Збор побара господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Претседателе, почитувани министри и членови на Парламентот, Република Македонија, по своето зачленување во Советот на Европа, во ноември 1996 година, знаејќи кои се предностите од зачленувањето во на можноста за користење на средства од Фондот за социјален развој на Европа, пристапи кон активности за зачленување и во овој фонд. Како што знаете, членството во фондот е обезбедено во рок од 12 месеци по зачленувањето во Советот на Европа, а ние сме членови од 1997 година, при крајот на годината.

Уште со самото зачленување, со оглед дека партиципираме и финансиски во тој фонд за социјален развој на Советот на Европа, како впрочем и во Советот на Европа, Република Македонија покрена активности за користење на средства, согласно намените на Фондот кои ги користат многу држави, вклучувајќи ги и развиените држави од Европската унија. Како резултат на тие преговори кои се водеа повеќе од десетина месеци, преговорите конечно финишираа со сегашната Влада на Република Македонија за овој заем во висина од десетина милиони германски марки, за намените за покачување на вработувањето.

Со оглед дека Пратеничката група на СДСМ, на некој начин од овие причини е инволвирана во процесот на преговори за добивањето на кредитот, а и ги поддржува целите заради кои кредитот се зема, за подобрување на вработувањето и зголемување на вработувањето, што е и наша програмска определба, Пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи донесувањето на законот и ќе гласа за него.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Никола Поповски.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Фондот за социјален развој при Советот на Европа, по Договорот за заем по проектот за финансирање на мали и средни претпријатија заради поттикнување на вработеноста.

Ве молам да гласаме.

Констатирам дека заклучокот едногласно е усвоен со 87 гласови за, ниту еден не е против, ниту еден не е воздржан.

Според тоа констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

84 пратеници гласаа за, нема ниту еден воздржан, нема ниту еден против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1 и член 3, став 2, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За Предлогот на законот гласаа 85 пратеници, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за задолжување на Република Македонија кај Фондот за социјален развој при Советот на Европа, по Договорот за заем по проектот за финансирање на мали и средни претпријатија заради поттикнување на вработеноста.

Преминуваме на третата точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за заштита на миграторните видови диви животни, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за заштита на миграторните видови диви животни.

Ве молам да гласаме.

За Предлогот гласале 86 пратеници, воздржани и против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласале 82 пратеници, воздржани и против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Збор побара господинот пратеник Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа, во насловот на законот стои "Миграторни животни". Нема миграторни животни, во македонскиот јазик постои збор - животни кои се преселуваат од едно место во друго.

Предлагам наместо "миграторни" да стои "диви животни кои се преселуваат".

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За Предлогот гласале 79 пратеници, еден пратеник е воздржан и двајца пратеници се против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Конвенцијата за заштита на миграторните видови диви животни.

Преминуваме на четвртата точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за заштита на лилјаците во Европа, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Збор побара господин пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Претседателе, почитувани колеги, по повод расправата на седницава од претходното продолжување, ние на некој начин по точката за односите со НАТО од господинот министер Александар Димитров, кој е претставник на Владата по овој закон, чувме и некакво образложение за овој закон, кое се разбира не беше доволно.

Ова е предлог за донесување на Закон за ратификација на Договорот за заштита на лилјаците во Европа, кој е потпишан во Лондон 1991 година. Господинот Александар Димитров како министер за надворешни работи задолжен за ратификација на меѓународни договори во нашата Влада, тој треба да ги достави и до Собранието, направил правилна проценка преземајќи дејства и во Република Македонија да донесеме закон за да ратификуваме Договор со кој ќе ги заштитиме лилјаците. Се разбира, тоа е многу потребно, исто така како што е потребно господинот министер на пример да се загрижи малку и за кризата за заштита на македонското национално малцинство во Грција. Во негово присуство, ако се сеќавате, господинот Пангалос го оквалификува така како што го оквалификува македонското малцинство во Грција, меѓутоа, господинот Димитров не најде за право да реагира. Тој немаше време да реагира за заштита на малцинството, меѓутоа има време да реагира за заштита на лилјаците на територијата на Македонија. Јас длабоко се согласувам дека ова е брилијантен потег. Македонскиот Парламент нема време да расправа за многу работи, меѓутоа за ова по проценка на господинот Димитров има време да расправа.

При донесувањето на законот за заштита на лилјаците да потсетам дека господинот Димитров заштитувајќи ги лилјаците пиеше чаши шампањ и аплаудираше на еден договор со кој се откажавме како Влада, за среќа не и како држава, согласно нашиот Устав, од заштитата на македонското национално малцинство во Бугарија, кое му го препуштивме на грижата на бугарската држава таква каква што ја води. И по тој повод тој наздравуваше и оцени дека нема потреба да го штити македонското малцинство во Бугарија, меѓутоа има потреба еве сега да предложи закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Колега Поповски, дајте за законот за лилјаците да зборуваме, немојте национални малцинства, навредливо е ова.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Има потреба да предложи закон со кој ќе ги штити лилјаците и соодветно на тоа му беше дозволено, по расправата за НАТО, да ја споменува согласно овој закон Пратеничката група на СДСМ во нејзино отсуство, а без прекинување. Се разбира дека ние се согласуваме дека господинот Димитров еден од приоритетите во неговата дејност има заштита на лилјаците наместо ова за што е тој задолжен приоритетно.

Ние се воодушевуваме на енергијата на господинот Димитров кој се разбира има време да ги проучува и предлага за ратификација до Владата и Парламентот законите за заштита на лилјаците во Европа, наместо на пример да присуствува на една средба во Бон каде што беше поканет од претседавачот на Европската Унија, за која немаше време. Во таа насока, ние ќе го замолиме господинот Димитров за своите

приоритетни работи исто така да наоѓа доволно време како и за законите за заштита на миграторните видови на диви животни и лилјаците во Европа, за да не се случи заштитувајќи ги нив, во сенката да пропушти да се грижи за заштитата на она за што приоритетно ова Собрание го има овластено.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Никола Поповски.

Ќе ве молам натаму во расправата да се држиме навистина до она што е предмет на точките на дневен ред.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за заштита на лилјаците во Европа.

Ве молам да гласаме.

За Законот гласале 81 пратеник, двајца се воздржани и тројца се против.

Според тоа, констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

За Предлогот гласале 75 пратеници, двајца пратеници се воздржани и двајца пратеници се против.

Според тоа, констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отварам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор.(никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласале 78 пратеници, еден пратеник е против, двајца пратеници се воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на договорот за заштита на лиљаците.

Минуваме на 5-тата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за спречување на перење на пари.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за спречување на перење на пари.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Нацрт на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

При овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за финансии.

Отворам расправа по предложениот заклучок.

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, комисијата за финансии и буџет во присуство на повереник на Владата го гледаше предлогот за донесување на закон за спречување на перење на пари и расправаше во врска со динамиката донесувањето на законот во РМ.

Со оглед на тоа што вие прочитавте заклучок кој гласи дека Владата на Собранието ќе му предложи Нацрт на закон, тоа значи дека Собранието со тој заклучок би прифатило да одиме во најголемата можна процедура во Собранието, во три фази, после кој нацрт би следел и предлог за донесување на закон.

Со оглед на обврските кои Македонија ги има преземено со ратификацијата на конвенцијата за поттикнување на домашните законодавства во врска со перењето на пари, а тоа е конвенција на Советот на Европа, ја има ратификувано овој Парламент и по однос на вакумот кој се јави во врска со донесување на законот заради изборните активности, три - четири месеци пред изборите и после тоа Владата додека ја превзема својата должност, изгуби исто така неколку месеци.

Согласно овој договор Република Македонија остана една, не неколкуте, меѓутоа повеќето држави кои го немаат донесено сопствениот закон, согласно со обврските кои ги превземавме за ратификација.

Во врска со заклучокот кој го предлагате, Вие предложивте да се имаат

предвид и мислењата на комисиите. Ќе дозволите јас да прочитам кој е заклучокот од Комисијата за финансирање и буџет, во врска со тоа.

- Комисијата заклучи да му предложи на Собранието да го разгледа и усвои предлогот за донесување на закон за спречување на перење на пари и да укаже дека е потребно Владата да изготви наредна фаза за донесување, по своја оценка, со цел законот да се донесе најдоцна до месец октомври 1999 година.

Со оглед дека претстојат годишните одмори, а имајќи ги предвид, согласно Уставот на Република Македонија а и вие во една своја официјална изјава назначивте кога ќе бидат изборите за претседател на Република Македонија. Иако не прејудицирам, меѓутоа логично е да се очекува дека Собранието на РМ ќе направи дополнителна пауза, минимум 40 до 60 дена, колку што трае изборната кампања во РМ за избор на претседател. Тоа значи ако одиме со нацрт на закон ние не го ќе го добиеме при крајот на 1999 година и сосема е сигурно дека ќе влеземе и во 2000-тата година без донесување на овој закон.

Со оглед на дискусијата во Комисијата за финансии и буџет овој проблем за да се донесе законот кој е во извештајот, а кој малку отстапува од заклучокот кој вие го предлагате на Собранието, јас би сакал и г. министер да се изјасни за оваа работа.

Меѓутоа, предлагам и во мое име и во име на заклучокот на Комисијата, кога веќе одиме со заклучок за формата на законот во втората фаза, Собранието да донесе заклучок дека и предлага на Владата да предложи Предлог на Закон за спречување на перење на пари за да се скокне втората фаза и Собранието до крајот на годината да го донесе законот со кој ќе ја уреди оваа материја.

Би ве молел, без разлика како министерот ќе се изјасни, овој заклучок, согласно Деловникот, да го ставите на усвојување на Собранието, во ваше наоѓање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на пратеникот Поповски за сугестијата.

Го молам министерот Стојменов да се изјасни по сугестијата дадена во врска со овој заклучок.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Јас морам да кажам дека тоа е закон кој се донесува врз база на приоритетите на Владата. Значи еден од приоритетите на Владата е борба против организираниот криминал, митото и корупцијата во РМ што има зафатено големи димензии. Така да во тој поглед ние мораме тоа што побргу да го решиме, да ја отвориме таа битка, посебно после она што се случува, после косовската криза и со отворањето на границите, така да криминалот и перењето на пари во Македонија може да се зголеми во тој поглед, а тоа е и определба на Владата.

Така да од тој аспект јас го прифаќам предлогот на претставникот на СДСМ тој закон да не оди како нацрт - закон, туку да се оди на предлог на закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави пратеникот Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Влада, дами и господа пртеници.

Бројните досегашни примери и манифестации во РМ зборуваат за осетното присуство на сивата економија односно перењето на пари, како резултат на што поединци и правни субјекти, користејќи го досегашниот правен вакум, во оваа сфера се стекнаа со огромно богатство.

Согледувајќи го недостатокот од правна рамка односно отсуство на законска регулатива од наведената област, Владата навреме интервенира преку понудениот законски проект односно предлогот за донесување на закон за спречување на перење на пари. Во тој контекст слободно можам да кажам и да констатирам дека понудената содржина претставува преземање на енергични мерки, кои би застанале на патот на сивата економија односно на перењето на пари.

Во понудениот владин проект се повлекува енергично потег против валканиот капитал, имајќи предвид дека Република Македонија покрај Албанија е единствената земја од Источна и Средна Европа која нема закон за спречувањето на перење на пари. На овој начин се уредуваат механизмите за спречување на валканите пари, односно парите стекнати со криминални дејствија да влезат во легалниот финансиски систем. Содржината предвидува квалитетно решение преку понудената можност за формирање на посебна служба за оваа цел, во рамките на Министерството за финансии.

Перењето на пари кои потекнуваат од организираниот криминал претставува особено проблем во земјите од Источна и Средна Европа, на кои начин се ограбуваат големи национални ресурси. Од тој аспект движењето кон пазарна економија и приватизацијата која се одвива кај нас, досега резултираше со еден енормен пораст на економски криминал и разните форми на ограбување на државниот имот.

Досегашното отсуство на оваа регулатива не се јавува само како потреба на перењето на пари и заштита на финансискиот систем од криминални активности, туку напротив тоа е и обврска кон конвенциите и препораките на меѓународните институции чии земји членки го имаат потпишано и ратификувано.

Не усвојувањето на законот од оваа област како и не изградените механизми за превенција од перење на пари досега ја става нашата земја во редот на државите несигурни за инвестирање на чист капитал и од друга страна правеа средина за перење пари стекнати од нелегални активности. Од тој аспект во изминатиот период ни беа упатувани бројни забелешки од Советот на Европа.

Не функционирањето и не ефикасната управа за приходи, придонесе перењето на пари да добие зголемен обем и преку затајување на данокот односно отсуство на голема даночна контрола на лицата кои трошат поголема количина на пари преку купување на скапи куќи, скапи автомобили и други материјални богатства односно утврдување дали овие приходи се пријавени и дали на нив е платен данокот и со тоа затајување и сомнежот за перење на пари.

Царинските органи исто така имаат значителна улога за спречувањето на оваа појава, односно спречување нечистите пари да се исчистат. Покрај тоа и банкарскиот систем, исто так е недоволно изграден кај нас, поради што прометот се одвива со готови пари на таков начин како што се одвива. Од тој аспект давам целосна поддршка на предлогот на законот за спречување перење пари со што сметам дека воспоставувањето на редот во оваа област ќе овозможи бројни квалитетни инвестиции кои би овозможиле по квалитетно стопанско живеење во нашата Република.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

Има збор пратеникот Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Давајќи му целосна поддршка на законот за перење на пари, само сакам да нагласам дека не е точно она што го кажа претходниот дискутант дека РМ и Република Албанија се единствените држави кои немаат Закон за перење на пари.

Перењето на пари како кривично дело е регулирано со нашиот кривичен закон. Регулирано е истовремено и со сите закони од областа на финансиите, од законот за сметководство до законот за државна ревизија и т.н.

Меѓутоа Советот на Европа подолго време работејќи на сопствената конвенција на перењето на пари, изработи модел во кој активно учествуваше РМ и кој за прв пат беше донесен како закон против перењето пари во Република Словенија.

Во таа смисла РМ со овој закон е една меѓу првите земји која оди во пресрет на зголемувањето на ефикасноста против ова кривично дело. Меѓутоа, не се наоѓа ниту на опашката, не се наоѓа практично ниту претставува некаков исклучок во однос на она што се прави во рамките на европската борба против организираниот криминал и перењето на пари.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Се согласувам со г. Спасов. Нашата држава не е една од двете која нема донесено ваков закон, затоа што ние после ратификацијата на Советот на Европа во овој домен превзедовме обврска проблематиката на перењето на парите која е регулирана во повеќе закони во РМ, да ја групираме во еден закон. Инаку и по сегашните закони, без да се донесе овој закон има многу аспекти на неплаќање данок, на перење на пари, кои се казниви и кои се заработени во РМ. Така да не треба да се сфати дека овој закон во моментот не постои. Кај нас перењето на пари е не санкционирано, или ако тоа се сфати од поинаквата страна може да се добие погрешен впечаток од дискусијата на г. Черкезов дека на некој начин е легализирана.

Напротив тоа не е легализирана. Тоа е санкционирано и било санкционирано со законите пред да постои самостојна Македонија, кога сме ги имале законите на бившата СФРЈ, во чие донесување и ние сме учествувале, како држава, како федерална единка. Значи овде се работи само за процесот на обединувањето на законодавството од областа на перењето на пари кое кај нас е развиено, согласно конвенцијата на Советот на Европа, во еден закон. А зошто доцниме во однос на одредени држави во Европа, меѓутоа дека далеку од тоа дека само во РМ и Албанија, е процесот на нашето зачленување во Советот на Европа. Ние со проблемот на признавањето на Македонија што се реши дури во 1993 година во ОН, а во другите институции дури по потпишувањето на времената спогодба со Република Грција во 1995 година, го започнавме нашиот пат за интегрирање во сите меѓународни европски или пошироки организации. Значи 1995 година ние пристапивме во процес на членство во Советот на Европа и тогаш се стекнавме во 1996 година со право да ги потпишуваме овие спогодби и да прифатиме процес на ратификации, нешто што другите држави кои немаа проблем со признавањето кои си го наследија својот државно - правен субјективитет уште во времето на Социјалистичкото владеење во нивните држави, го имаат уште од 1991 година. Значи мораме да ги имаме г. Черкезов овие проблеми, како прилично објективни за Република Македонија.

Инаку перењето на парите и досега и во овој момент не е дозволено. Меѓутоа, овде се предвидува групирање, се предвидуваат гранични вредности на контрола, се предвидуваат органи, што е нешто со што ние се согласуваме и со што при моментот на ратификацијата и потпишувањето на Европскиот договор, сме го поддржале. Перењето на пари не е некоја институција во светот која има многу големи традиции, за да и законодавството во светот има големи традиции.

Во основа перењето на парите почнува да се регулира во последните неколку декади, во светот. Тоа не е работа која законски се третира,

како и другите работи, со векови. Инаку како куриозитет да кажеме од каде потекнува поимот перењето на пари.

Во времето на прохибицијата во САД еден славен затвореник од Чикаго имал нелегално производство на алкохол. Тие пари за алкохолот не можел да ги внесе регуларно во системот, затоа што бил голем износ и не можел преку банките да ги трансферира. Направил ланец на лаундримашинс, значи машини за перење на алишта, кој денес функционира со уфрлување на монети во нив, што тешко се контролира колку се уфрлени во машината. Он секој ден извлекувал од машините огромни количини. Заправо ги перел парите заедно со алиштата. Оттука и потекнува тоа перење на пари. Значи дека традицијата на ова законодавство и кај нив се создава последните неколку декади.

Кај нас со оглед на системот кој функционираше, перењето на пари заради не постоењето на приватната сопственост, беше проблематична. Така да кога ќе ги собереме сите овие Македонија малку доцни заради некои објективни проблеми, заради трансферот на власта и заради касното ратификување. Меѓутоа сосема е на време. Сега согласно тоа што и министерот го кажа и јас го предложив ако ние го направиме она што се предлага, сосема ќе бидеме во рамки на тоа што е потребно да *го* направиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Веројатно за реплика се јави г. Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Не се согласувам со пратениците од СДСМ, г. Спасов и г. Поповски, бидејќи самите тие се во контрадикција. Рекоа дека не постои регулатива која квалитетно ја регулира оваа материја и се заложија да се усвои овој нацрт - текст за оваа материја, така да даваат целосна поддршка овој закон да се донесе во наредниот период, а од друга страна искажуваат мислење дека имаме регулатива која ја опфаќа оваа материја.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави пратеникот Илијаз Сабриу.

**ИЛИЈАЗ САБРИУ:**

Без намера да отвориме некоја посебна расправа за овој закон, бидејќи таква расправа водев на комисиите кои се надлежни за донесување на овој закон. Само да кажам дека пратеничката група на ПДП го поддржува овој закон, бидејќи и покрај тоа што сме имале досега во одделните закони некоја регулатива што на некој начин го забранува перењето на пари, а со оглед дека ние се стремиме кон членство во ЕУ и во овие меѓународни и финансиски институции, обврзани сме да прифатиме и да изготвуваме такви законски решенија. Така да мислам дека е добро Собранието денес да го прифати и ние го поддржуваме овој нацрт на закон, со тоа што во втората фаза веројатно можеме и да интервенираме и по пат на амандмани за одобрување на текстот или за некој конкретни решенија што ние би ги имале.

Да не должам, го прифаќаме и го поддржуваме донесувањето на овој закон, во смисла дека ќе придонесе за сузбивање на сите негативни финансиски импликации кои може да се предизвикаат и со немање на еден ваков закон.

Му благодарам на г-динот пратеник Илјаз Сабриу.

На ред е пријавен г-динот пратеник Милан Ставрев.

**МИЛАН СТАВРЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, гледам се отвори една дискусија која има повеќе економско - пропаганден карактер во врска со Законот за перење на пари.

Проблемот на Законот за перење на пари е малку подолгорочен проблем кој датира уште од осамостојувањето на Македонија и формирањето на банкарскиот систем односно формирањето на Народна банка како банка и Меѓународниот монетарен фонд, меѓународните финансиски институции овој закон под итно го бараа да се донесе. Проблемот на донесувањето на законот трае поодамна отколку вчера или завчера. Тоа е првата димензија.

По втората димензија врз основа на овие дискусии кои се јавија овде произлегува дека се мешаат лончиња, слушнав таков назив. Суштината на овој проблем односно на овој закон е донесување на закон кој ќе биде во директна функција на банкарскиот систем преку кој ќе може да се перат пари. Законот за перење на пари е внатре во банкарскиот систем, а не преку даночниот систем, или како што слушнав овде вакви или онакви верзии. Би сакал да кажам дека дискусијата во врска со овој закон би требало, ако е така, да се насочи во тие правци, а дали се переле во перални, дали во времето на прохибицијата во Чикаго се правело ова или она, тоа е сосема друга тема на дискусија која мислам не кореспондира со денешната точка на дневен ред. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Милан Ставрев.

За збор се јави г-динот потпретседател Томислав Стојановски.

**ТОМИСАЛВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани колеги, јас ви препорачувам да го прифатите овој предлог на Владата како нужна работа која се појави во светот па и кај нас. Имаме две фази кога говориме за нечесност, имаме еден закон кога се говореше за корупција. Таму се говори во тој закон да не се злоупотребуваат парите како средство за добивање на власта. Овде имаме една друга работа тие незаконско стекнати средства се употребат токму за таа работа што значи имаме

едно место да дојдеме до незаконити пари и незаконита власт, а од друга страна да ги спречиме тие пари да дојдат како инструмент.

Поради ова јас сметам дека е правилно што министерот прифати да не се оди со нацрт, туку да се постапи во скратена форма односно да се изготви за наредната седница или една од наредните Предлог на закон и ние да го усвоиме.

На Законодавно - правната комисија имавме забелешки кои стоеја или во однос на повторување на зборови или во однос на употребување на одредени бројки од - до - над, па така да се направи едно усогласување.

Поради ова, јас пак ви се обраќам да го изгласаме овој закон како нужен инструмент за борба против оние кои не сакаат да работат чесно. Меѓутоа, покрај другото јас би сакал да се задржам на последниот дел од Законот, каде за извршување на истиот се предлагаат мерки односно казни за прекршување на овие одредби. Гледаме дека се е дадено во парични казни.

Предлагам, предлагачот да ја преиспита својата функција или делување како треба да биде во казнената политика, дали не треба да се примени и одреди другата врста на казни, а тоа е временската казна. Да се изработи за кој престап колку време, што и рокот на траење. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот потпретседател Стојановски.

За збор се јави повторно Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ова беше пријава за реплика, меѓутоа заради системот на пријавување дојде дури сега.

Да не дојде до недоразбирање г-динот Черкезов сепак погрешно ме сфатил, но мислам дека се разликуваме во пристапот. Едниот пристап е дека со ова воведуваме целосно ново законодавство со кое спречување перење на пари со што ние не се согласуваме како пристап, затоа што мислиме дека само согласно Конвенцијата која ја ратификувавме во овој момент Македонија воведува единствено законодавство и го усогласува со европското.

Што значи, не се работи за воведување на целосно ново законодавство, туку се работи за процес на усогласување на македонското законодавство со она кое функционира на територијата на европскиот континент. Значи, ова е процес на усогласување на нашето законодавство со европското. Не е ново. Инаку, видете и сегашната Влада предлага закони кои постојат, тоа не се нови закони само ги усогласува со сопствената политика. Што значи ова е усогласување на нашето законодавство со европското и како таков процес треба да го прифатиме и ние така го прифативме без разлика ние се изјаснивме дека го прифаќаме овој закон и ќе го гласаме дури еве да изразиме задоволство што министерот за финансии без разлика како ќе одлучи мнозинството, го прифати нашиот предлог за забрзување на донесувањето на законодавството.

Кога сме веќе кај расправата, сега ќе го искористам правото со оглед дека го имам да кажам дека наспроти дискусијата на г-динот Ставрев овој Закон за спречување на перењето на пари се однесува на банкарскиот систем, но исто така и не само на банкарскиот систем, туку и на трговскиот систем. Овој Закон се применува согласно одредбите од член 3, да не ги набројувам другите, и во процесот на купопродажба од страна на физички лица во регистрирани дуќани, трговски претпријатија и други форми согласно трговските друштва. Значи, процесот на спречување на перење на пари го поддржуваме како нешто што е по интегрално, отколку само во банкарскиот систем, иако на крајот може да заврши кај банкарскиот систем, меѓутоа од аспект на физичките лица тој процес значи уште при процесот на прометот или купопродажбата или купувањето за што има и соодветни одредби. Колку марки, има забелешки од некои комисии и јас се надевам дека Владата ќе ги земе предвид и тоа што кажа г-динот Сабриу на крајот со амандмани ќе се договори Собранието, кои критериуми и гранични вредности ги прифаќа за остварување на процесот на перење на пари.

Значи, не треба да прифатиме иако може погрешно да се сфатиме, не треба да прифатиме дека со овој закон само го санкционираме перењето на пари во банкарскиот систем во РМ, туку општо во економскиот живот и во прометот со пари без разлика дали е банкарски, трговијата или други видови на промет на кеш пари, додека не кеш парите се согласно овој закон, има модификација да не расправаме за целиот закон, благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам за дополнителните објаснувања на пратеникот Никола Поповски.

За збор се јави пратеникот Томислав Петровски.

**ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ:**

Демократската алтернатива во целост ќе го поддржи овој закон, само едно не ми е јасно од изјавите на претходните дискутанти, дали се свесни што закон носиме, Закон за спречување на перење на пари или Закон за перење пари.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на пратеникот Томислав Петровски, веројатно во вид на реплика г-динот Милан Ставрев побара збор.

**МИЛАН СТАВРЕВ:**

Бев спомнат, да кажам во пазарните стопанства такви какви што се перењето на пари, односно платниот промет оди исклучиво преку банкарскиот систем. Надвор од банкарскиот систем не оди.

Спрема тоа, употребувањето на некои изрази во прометот, во плаќањето во кеш и т.н. не кореспондира со ова што јас го кажав.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ви благодарам г-дине Ставрев, пред да му дадам збор на министерот, јас би сакал да се произнесе уште пратеникот Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Г-дине претседателе, почитувани министри, драги пратеници, го поддржувам овој закон, сметам дека требаше таков закон да се донесе барем пред 7-8 години, за да не се случи тоа што се случи пооделни личности од владеачката гарнитура од претходниот систем, па и пред нас да наталожат дебели конта, дебели суми на пари на своите конта, што во земјата што надвор од земјата, на кои не им се знае ии потеклото, дали платиле данок на тие средства.

Луѓето кои припаѓаа на пролетеријатот за преку ноќ да станат мулти милијардери, не милионери за да можат да купуваат цели фабрики, цели рудници, цели реони од Македонија. Ова требало да се донесе многу порано, овој закон е за поздравување, бидејќи до сега кажете која финансиска трансакција е изведена, а има контрола за потеклото на средствата на парите. Кажете барем една во Македонија кога е проверено од каде се парите што се потрошени од таа зделка.

Треба да го поддржиме овој закон и убаво е ако се најде можност, како што рече пратеникот пред малку дали е законот против перење или за перење, а можеби е убаво да донесеме закон за перење тие што ги изнесоа парите надвор да ги вратат во државата на некој начин средствата одлеани од Македонија да се вратат и да се потрошат тука.

Додека тие ги таложеа парите на своите конта Буџетот остануваше празен, фабриките се затвараа, се отпуштаа стотици и илјадници работници за да достигнеме таква стапка на невработеност со што сме можеби рекордери во Светот. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ви благодарам, за збор се јави пратеникот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Сојузот на ромите ќе го поддржи овој предлог за донесување на закон и јас мислам што побргу да го изгласаме, а не треба да драматизираме кој што правел порано, кој правел и како правел има комисии овде Собранието ќе донесе што треба, ако има некој нешто направено ќе излезе на виделина.

Дајте ова што го имаме на дневен ред, министерот се согласи со тоа, па да го изгласаме. Да го сослушаме министерот уште еднаш да го изгласаме, затоа што перењето на пари најнормално тој закон треба да се донесе во нашата држава, затоа што јасно и гласно го има, постои во нашата Република перењето на пари. Тоа се виде со продавање на цигари, со внесување на оружје и други работи да не ви ги спомнувам.

Треба што побргу ова да го донесеме и редно е да го има државата. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Амди Бајрам, а сега да го слушнеме министерот за финансии, бидејќи други нема пријавено за дискусија.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Сакав расправата околу овој закон да се води повеќе кога ќе се поднесе Предлогот на законот, но некои работи веќе се кажаа во врска со тој закон.

Морам да кажам дека називот на законот – Закон за спречување на перење на пари не кажува многу и како да асоцира само на пари, дали некој ги пере парите еве г-динот Никола кажа една дефиниција од каде потекнува прашањето на перењето на пари може да е вистина, но друга беше позадината тој што сакал да ги пере парите прикривал даноци и придонеси.

Суштината на проблемот е прикривањето на даноците и придонесите и преку нив да се збогатат одредени луѓе кои вршат одредени дејности. Затоа овој закон е офанзива против сите оние кои во изминатиот период и во наредниот период сакаат или посегнуваат, прават трансакции без да платат даноци и придонеси на државата. Затоа тој закон посегнува во сите области покрај банкарството, во сите дејности така што тој поаѓа од секоја деловна дејност, секоја трансакција меѓу физичко и правно лице или меѓу правно и правно лице ако трансакцијата е над 10 илјади ДМ, таа веќе подлежи на контрола. Зошто е таа трансакција. Дали таа трансакција е нормална или не, дали со таа трансакција се платени даноци и придонеси?

Меѓутоа, тој закон посегнува не само во трансакциите внатре, посегнува и спрема надвор. Вие знаете дека секој кој извезува стоки надвор може да се збогатува на товар на државата. Може да се договори фактурите со кои ги испорачува производите тие да бидат со поголеми износи и тој износ кој ќе го добијат во странство, тоа е пак перење на пари, не ги пријавува во земјата, на тие пари не плаќа даноци и придонеси.

Понатаму, некој стекнува имот, купува возило, па возилото нека е мало од 20.000 ДМ, законот кажува тој мора да каже од каде му се парите штом купил кола од 20.000 ДМ, тоа е над 10.000 ДМ. Значи веднаш подлежи на контрола за да се види од каде се парите што ги употребил за таа намена. Ако платил даноци и придонеси нема да има никакви проблеми со државата. Меѓутоа, ако не докаже дека на тие пари платил даноци и придонеси ќе си има проблеми со државата, односно ќе плати даноци и придонеси нема да му бидат одземени. Исто така тој закон посегнува и на стекнување на недвижен имот. Многу луѓе купуваат станови, куќи и плаќаат во готово. Тој

закон посегнува некој да докаже од каде му се парите. Истото важи и за депонирање на пари во банка или било каде. Законот и на тоа се однесува, се прашува од каде се парите.

Имаме приватизација, со таа приватизација некој стекна огромен имот, тој закон се однесува и на проверка и на приватизацијата. Ако некој стекнал над 10.000 ДМ имаат имот со трансформацијата на Законот за трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал и ако тоа не го докаже во тој случај тоа исто така подлежи на тој Закон. Тој Закон е офанзива против незаконитото богатење во државата на сметка на даноците и придонесите кои и припаѓаат на државата.

Тоа е суштината, можеби е малку упростена дефиниција, меѓутоа тоа е целта на овој закон, затоа сакаме да одиме во скратена постапка и да оди оти е во интерес на државата, на сите нас, да се донесе тој закон и оној кој не плаќа даноци и придонеси нека одговара, па било кој да е и од каде да е. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот Стојменов.

Дали уште некој бара збор по ова прашање? (Никој).

А4со не бара, тогаш со оваа измена, бидејќи и министерот ја прифати да оди во скратена постапка законот, не да оди како нацрт, туку да оди како Предлог за донесување на закон.

Мислам во таа смисла да стои во заклучокот и како таков предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве молам по 10 секунди да се произнесеме.

За гласале 80 пратеници, еден е воздржан и нема ни еден против.

Според тоа констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на шестата точка од дневниот ред - Предлог на завршна сметка на Буџетот на Републиката за 1998 година.

Предлогот на завршната сметка и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес во начело. Молам, кој бара збор?

Прв побара збор г-динот пратеник Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, почитувани колеги пратеници.

Ќе се обидам да бидам сосема краток во однос на извештајот кон завршната сметка на Буџетот на Македонија за 1998 година.

Имам три причини за кои што се јавив на говорницата и би сакал да ги спомнам на почетокот пред да почнам со образложението. А тоа се:

Првата е, дека во бившиот мандат јас бев еден од главните партиципиенти на кои го полнеа државниот буџет, покрај директорот за јавни приходи.

Втората, сега како член на Парламентот, воедно сум член и на Матичната комисија за финансирање и буџет, на која што го разгледувавме овој Извештај по завршната сметка за Буџетот за 1998 година.

Третата е, малку бев испровоциран од минатиот тек на седницата кога еден пратеник од позицијата, сега не можам точно да го цитирам, ќе го парафразирам, кажа дека Вие бевте таква власт која не знаевте да ги собирате приходите и затоа ја изгубивте власта, а не камоли други приказни овде што ни кажувате овде во Парламентот. Па, и околу тоа би сакал на крајот еден мал коментар да дадам.

Инаку, како човек кој учествуваше во конципирање на Буџетот за фискалната 1998 година, сакам да посочам неколку економски претпоставки или параметри на кои се засноваше така конципираниот буџет, а тоа беа поддржување и натамошно зацврстување на макроекономската рамнотежа и стабилност како битна претпоставка за подинамичен стопански развој, а во тој контекст и одржување на стапката на инфлација на годишно ниво од 5% и на раст на бруто општествениот производ од 5%.

Втората претпоставка беше дека со така конципираниот буџет за 1998 година се поттикнува и зголемува вработеноста во стопанството, што на крајот на таа година и се оствари со тој закон за вработување, чија економска подлога точно беше во позициите од буџетот.

Понатаму, беше продлабочувано на структурните реформи на стопанството, создавање на услови и претпоставки за зголемена и инвестициона активност во јавниот сектор и комерцијалното стопанство, создавање на услови за зголемување на извозот на стоки и услуги и продолжување на политиката и натамошна консолидација на социјалните фондови преку смалување и елиминирање на дефицитите и е елокација на средствата во функција за постигнување не само на чисто социјални, туку и на економски цели. После имаше и некои економски претпоставки за водење преку буџетската политика и политика на санација на банкарскиот систем што, исто така во голема мера и тоа се постигна. И покрај редестрибутивната функција што ја има секој буџет на една држава беше внесена една развојна компонента, што мислам дека после сите анализи што се прават на овие цифри што се дадени по завршната сметка дека и тие цели се остварени.

Разгледувајќи го овој материјал на предлагачот со задоволство можам да констатирам дека оваа завршна сметка, можеби треба да се чува во аналите на Министерството за финансии како еден егзеблар како треба да се проектира и како треба да се извршува буџетот. Да не би било тоа овде некој политички маркетинг, бидејќи се работи чисто за економска тема, би посочил дека планираните приходи по оваа завршна сметка што денес е пред Парламентот, беа во висина од 45,5 милијарди денари и планираните расходи по принципот на двојно сметководство беа во исто толкава висина за фискалната 1998 година, а извршувањето на истите ставки беа во износ од 42,6 милијарди на приходната страна и 42,6 милијарди на расходната страна, или изразено во проценти, 93,7 од она што е планирано што се собира како приход 97% и на расходната страна процент од 93,6%. Овие проценти на извршување на претходната и на расходната страна сами за себе говорат за едно импозантно запазување на она што е проектирано во стартот на фискалната година, кога се има предвид, поготово фактот дека во овој Буџет за 1998 година не е направен никаков ребаланс. Тука да не се сфатиме дека сега тоа го говорам во функција на политички маркетинг, треба да спомнеме на крајот на фискалната година голем придонес, додуше во мал временски период има и Владата која сега е актуелна и на некој начин, продолжувајќи го тоа темпо и на собирање на приходи и на даночна дисциплина и на контрола врз буџетските расходи на некој начин, фактички, успеа да стигне до овие импозантни проценти.

Инаку, вака по еклатантно за пошироката јавност околу извршувањето на овие планирани ставки, треба да се спомне реализацијата на процентот на изворните приходи, кои на некој начин од планираните 37,6 милијарди, беа извршени во износ од 36,8 процент, што говори за извршување 97,9 или до сто посто извршување што мислам дека за фискалната 1998 година кога се бараа вакви примери, дури и во високо развиените европски земји, не би можеле да ги најдеме.

Сакам да посочам во една прилика при посета на холандската царина кога се сретнавме со министерот за финансии на Холандија, на таа посета бевме јас тогаш како директор на Царинската управа, директорот на Управата за јавни приходи и тогашниот министер за финансии во тие меѓусебни разговори кога не запрашаа колкава е реализацијата и степенот на извршување на планираните приходи и расходи, кога кажавме дека тој процент се движи повеќе од 85 или 90 посто скоро во сите фискални години, тоа беше зачудувачки прифатено и рекоа дека цела даночна администрација во таа држава треба дебело да се награди.

Ова е што го говорам низ овие цифри, фактички, строго се спротивставувам на оние кажувања, на оние настапи на сегашната позиција на не даночната дисциплина што владеела во претходниот период или не домаќинското трошење на средствата на тој начин собрани во Буџетот.

На крајот, би завршил со едно укажување на еден од ценетите колеги на претходната седница, чие продолжение еве денес го имаме, каде Што бевме прозвани како бивша влада дека не сме ги собирале приходите, можам да укажам дека, сепак, оваа завршна сметка ние не ја правевме, ја правевте вие и ја поднесовте пред овој Парламент. На крајот го искажувам ставот дека јас ќе гласам за ова и верувам дека сите пратеници од СДСМ ќе се изјаснат за прифаќање на оваа завршна сметка, со едно ветување дека ако се погледнат цифрите, во овие планирани извршени приходи на приходната страна за Буџетот за 1998 година, најголемо остварување имаме кај данокот од доход со 8,8% за планираните приходи и уште повеќе тука е остварувањето од собрани приходи на царинската управа, каде што од планирани, проектирани 6,0 извршени се 6,8 милијарди денари или 112,4%, што значи за 12,5% се зголемени царинските приходи.

Да бидам до крај искрен, малку испровоциран од позицијата на претходната седница, морам да укажам дека ние сега скоро ќе одиме на ребаланс на Буџетот за оваа фискална година од оние, пред се да речам волонтеристички пристапи што се имаа на почетокот при конципирање за буџетот на оваа година, не предвидувајќи ги оние настани, кои на некој начин, пред се, косовската криза доведоа до некои тектонски пореметувања во целокупното стопанство, визави на тоа како последица доаѓа до една неможност за реализација, да речеме ама тие конципирани цифри и тие две работи, значи тој волунтаристички пристап и овие реални фактори што се случија, бидејќи нема да дојдат до извршување на оние цифри, за што говоревме и при расправата за буџетот, некаде март месец оваа година, ние сега ќе одиме на ребаланс. Тоа значи дека само 6 месеци тој ребаланс да го усвоиме на овој Парламент и остануваат на оваа Влада да го реализира буџетот онака како што ќе предложи по ребалансот.

Се надевам дека нема да ги има овие претходни два. Се надевам дека сега нема да ги има овие претходни два елементи, ниту тој интерниот, ниту екстерниот фактор што ќе влијае на не реализација, меѓутоа од оние сознанија што досега ги имаме како се работи во Управата за јавни приходи и Управата за царини, не се бара само декларативно кажување по јавните медиуми дека треба даночна дисциплина и треба некои силеџиски

настапи за да се собираат даноците. Сепак, тоа е струка и наука и треба таков пристап да се даде, во спротивно ако вака се продолжи одговорно тврдам и повторно на крајот на годината дека ќе ни треба уште една седница за нов ребаланс да правиме. Одговорно можам да потврдам дека и по ребалансот ако даночниците успеат да ги направат вакви цифрите какви што се усвоени по оваа завршна сметка за 1998 година, навистина тогаш јас ќе излезам јавно и ќе им честитам на сите.

Инаку, не ги прифаќам сите овие критики упатени на претходната власт дека недомаќински се работело, дека нерационално се трошело, дека не адекватно биле лоцирани средствата од една страна како некои медиски политички настапи, а од друга страна мислам цифрите денеска се убедуваме дека се сосема други. Од тие причини јас го поддржувам овој предлог на Буџетот на завршната сметка на Буџетот за 1998 година и ќе се изјаснам за него. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Илија Илоски.

Збор има г-динот пратеник Кирил Настевски.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Во врска со предлогот на Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 1998 година, сакам да скренам внимание на намените на некои ставки, кои се од многу битен карактер, особено за единиците на локалната самоуправа, а најмногу за жителите во населените места.

Во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, како што тогаш се викаше многу важна ставка беше изградбата на водоводи и канализации во единиците на локалната самоуправа, при што со учество во изградбата со средства на Републиката во минатиот период, практично се влезе во секоја општина во голем број населени места. Се покренаа многу иницијативи во месните заедници и се изградија голем број на водоводи, како насушна потреба на населението. Радува фактот што една таква активност од минатите години продолжува и со Буџетот на Републиката за 1999 година. Веројатно, тој тренд ќе продолжи и во наредните години. Очигледно е дека само на таков начин ќе се доближиме до граѓаните односно до нивните проблеми.

Исто така, би сакал внимание да скренам и на ставката за просторни и детални урбанистички планови, со кои што се презедоа широки активности во изработката на оваа многу важна документација, која што беше дефицитарна. Особено, сакам да нагласам дека наскоро ќе дојде пред Парламентот Просторниот план на Република Македонија, кој што се работеше две, три години и кој што е капитален документ за целокупните состојби и развој на државата.

Сакам да нагласам дека низ оваа ставка функционира и Јавното претпријатие за просторно и урбанистичко планирање како структура на стручен и едуциран кадар, кој што ќе се грижи за изработка и спроведување на овие плански документи. Од не помала важност се и ставките за заштита на водите од реките и езерата односно за студии и проекти за заштита на животната средина. Проблемите во оваа сфера се големи, но и така малите средства значат многу се разбира, ако во наредниот период продолжат вложувањата во заштитата на водите од реките и езерата односно заштитата на животната средина и природата. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Настевски Кирил.

Бидејќи никој од пратениците се нема пријавено, јас го молам министерот за финансии, за што тој се пријави да каже нешто во врска со неговата точка од дневниот ред.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа, јас, верувајте, сакав малку да зборувам за Предлог - извештајот за годишната сметка на Буџетот за 1998 година, затоа што во крајна линија или тоа е, иако има малку влијание Владата, новата Влада на тој Буџет, посебно во приходниот дел на Буџетот, таа и нема многу влијание, така што тоа Буџетот како годишна сметка претставува отчет на работењето за еден временски период, а тоа е отчет за работењето за 1998 година, требаше да си го поднесе некои претставници од старата влада. Нешто се обиде да се каже во тој поглед, меѓутоа, сепак, нема да излезам да зборувам за тоа, ако не се кажеше следното, дека овој Буџет за 1998 година е учебник од кој треба да се учи како се прави буџет, како се извршува буџет за оваа земја за 1998 година.

Морам да кажам на она што се дискутираше за следното.

Прво, овој буџет е правен врз одредени претпоставки, кои претпоставки ги правела претходната влада. Првата, претпоставка за тој буџет ја кажа и претставникот на СДСМ кој вели следното, да се задржи макроекономската рамнотежа, да се задржи платата на ниво од 5% и да се задржи порастот на општествениот производ за 5%. Ниедна од тие претпоставки врз база на кои е правен буџетот не е остварена. Односно не е остварена во планираните големини кои се дадени и врз база на кои е правен овој буџет. Така што стапката на раст од 2,9 %, инфлацијата е 2%, што ако ја земеме инфлацијата и нема раст на општествениот производ, меѓутоа, има намалување на

инфлацијата. За намалувањето на инфлацијата ќе дискутираме дали е позитивна или негативна работа, така што таа претпоставка на која е правен овој буџет, не е остварена. Според тоа, политиката на буџетот од тој аспект не била добра.

Втората претпоставка вели, поттикнување и зголемување на вработеноста во стопанството, а тоа значи дека Буџетот во 1998 година е правен да се зголеми вработувањето во Македонија и во тој поглед се поставува прашањето дали е вработеност со зголемена, колку е таа зголемена, а морам да кажам званични податоци во тој поглед и немаше, а имаше забрана за давање на такви податоци. И денеска не можат да се утврдат тие податоци, меѓутоа морам да кажам само една работа, нема да кажам дали воопшто е зголемен бројот на вработените, нема да кажам дали се или не се, но едно ќе кажам, дека за вработувањето во 1998 година се потрошени над 20 милиони марки од буџетот. Е, сега, колку е вработувањето можеме да го пресметаме, сигурно, од претставниците ќе кажат колку е и за тие дваесет милиони марки колку е вработено во 1998 година.

Претпоставки за зголемена инвестициона активност, така што Буџетот беше планиран во 1998 година да имаме зголемена инвестициона активност. Се поставува прашањето дали е тоа остварено. Тоа не е остварено. Ние во 1998 година имаме скоро 3 милијарди помалку средства трошени за инвестициона активност, отколку што е тоа планирано во Буџетот. Значи и оваа претпоставка врз која е правен буџетот, не е остварена.

Создавање услови за зголемување услови на извозот на стоки и услуги. Мислам дека ги имаме статистичките податоци за 1998 година, знаеме како расте буџетот, дали е извозот пораснат во однос на 1997 година, а Буџетот за 1998 година направен токму кон тоа, да се зголеми извозот, а извозот паѓа.

Продолжување на политика на натамошна консолидација на социјалните фондови преку намалување и елиминирање на дефицитите на тие фондови за постигнување не чиста социјала, туку економска цел. Се поставува прашање дали и таа претпоставка која е дадена во Буџетот е остварена. Морам да кажам, а после малку и по опширно ќе зборувам дека дефицитите во фондовите за 1998 година се огромни, така што тие не се намалуваат, тие се зголемуваат во 1998 година. Значи и оваа буџетска претпоставка за остварување на таа цел во Буџетот, не е остварена.

Продолжување на политиката за санација и рехабилитација на банкарскиот систем. Мислам дека вие самите си дадовте одговор, која банка во 1998 година ја рехабилитиравме, па можеме да ја рехабилитираме врз база на Буџетот. Скоро сите банки дојдоа пред ликвидација, пред банкрот. Тоа е фактот и тоа е вистината.

Значи, според тоа, сите овие претпоставки врз база на кои е правен Буџетот, не се остварени. Меѓутоа, политиката на една влада се гледа низ политиката на обемот и структурата на приходите и расходите кои ги прават, а ние ги имаме овие овде приходи и расходи. Од обемот на структурата на приходите и расходите во Буџетот се кажува каква е политиката на владата, односно каква е таа нејзина економска политика т.е. како се употребува буџетот на државата за остварување на таа економска политика. Што покажува? Покажува дека првото прашање дека Владата не си ги остварила приходите со точно 7%. И, ако, 7% е мал процент и да кажеме дека приходите се остварени во рамките на планираните, тоа е веќе, не знам кој збор треба да се употреби, колку треба да биде намалување на остварувањето на приходите, за да се каже дека, еве тоа е веќе неостварени приходи. 7% е огромна сума на средства. Така што приходите покажуваат, таа стапка ние ја зголемивме во декември.

Новата Влада за еден месец имаше некаде 10% зголемување на приходи, само за еден месец. Врз база на буџет на претходната Влада. Значи, ефикасноста за еден месец на Владата е далеку поголема од ефикасноста на Владата за цела 1998 година. И, тука имаме и тоа би било добро и тој процент ќе биде помал ако таа Влада во 1998 година, не донесе прописи со кои се оданочуваше загубата во стопанството. Прописи, данок на добивка, со кои се ,оданочуваше загубата не добивката во стопанството. Еден пример, ако Вие за одредени побарувања кои ги имате, а неликвидноста во нашето стопанство е огромна или ако Вие имате не исплатени плати и за тоа треба да платите данок на добивка, тогаш Вие ќе соберете огромни даноци во Буџетот, бидејќи ние имаме не вработени, имаме не исплатени плати, имаме големи побарувања меѓу претпријатијата и ако се тоа го оданочите, еве ти Буџет. Меѓутоа, ќе немаме стопанство и немаме стопанство.

Затоа, овој приход за разлика од сите други приходи е пораснат, а сите други приходи се некаде испод 90%. Тоа значи дека евазијата била огромна, штом имаме евазија значи имаме и криминал, криминалот бил огромен, така што во поглед на приходите Владата, од Извештајот што се гледа, самиот Извештај кој е презентиран, не си ја остварила својата политика која била зацртана на почетокот на 1998 година.

Сосема е друго прашањето, уште полошо е прашањето за расходите. Расходите се политика на Владата. Тие расходи се остварлива рамка на остварените приходи и тоа е во ред, меѓутоа, се поставува прашање дали расходите се остварени во рамките на остварените приходи. Затоа што претходната Влада треба да добие

висока оценка ако расходите бидат во рамките на остварените приходи. Меѓутоа, за жал, тоа не е така. Овде е во пресметката така. Но, во стварноста, ако земете сите овие обврски кои ги наследивме од Буџетот за 1998 година, ќе видите дека расходите во буџетот растат многу повеќе, отколку што растат приходите за 1998 година. Внатре во рамките на структурата на расходите ја имаме истата политика, која просто загрижува. Што имавме ние? Ние за сметка на инвестиционата и развојната активност во 1998 година, имаме зголемување на личната и општата потрошувачка односно зголемување на платите и другите надоместоци и се со цел тоа е направено за да се добијат гласови за 1998 година.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:** (Продолжение)

Во 1998 година имаме 2 илјади нови вработени, од септември до крајот на годината кои паѓаат на товар на Буџетот, а не се планирани во Буџетот за 1998 година.

Во 1998 година имаме зголемување на платите и наемнините во однос на планираните за 14%, а приходите наменети за или се во активност скоро се намалени за 50%. Тоа покажува дека во 1998 година имаме потрошувачка над планираните рамки. Таа потрошувачка ќе се одрази низ обврските кои ги затековме во 1998 година. На пример се исплати 10% на пензии, тоа не е во согласност со политиката на Буџетот односно планираниот Буџет. Се исплати надомест за годишен одмор. Тоа не беше планирано со планот на Буџетот. Се исплати средства за бесплатни учебници, тоа не беше планирано во Буџетот, значи ред други исплати кои воопшто не беа предвидени со Законот за донесување на Буџетот. Така да можеби и заради тоа не се правеше ребаланс. Ако се направеше ребаланс ќе се видеше дека имаме трошење на средства мимо планираните средства утврдени кога се донесуваше Буџетот за 1998 година.

За сметка на едно вакво трошење во 1998 година од Буџетот, ние на наследивме оваа година 280 милиони обврски кои треба да се платат за наредниот период од Буџетот за изминатиот период. Јас не знам кој ќе ги плати тие 280 милиони. Не знам од каде и врз база на кој Буџет и каков ребаланс на Буџет треба да направиме о.г., за да плаќаме некои расходи кои се правени во изминатите временски периоди. Така да новиот Буџет веќе е подјаден за 280 милиони, за 1999 година, затоа што сите институции велат прво ќе си ги извршите обврските од минатата година, а ако останат средства за наредната година. И тоа е од новиот Буџет, така да јас мора да констатирам дека и во новиот Буџет веќе има инкомпорирана политика, наследена политика на потрошувачка од претходната Влада. Земете ги само тие 2 илјади нови вработувања, ако ги пренесете на Буџетот, а се пренесени на Буџетот, Буџетот треба да ги измирува, а ако се знае дека платниот фонд од Буџетот за 1999 година не смее да се зголемува над платниот фонд кој што е во 1998 година, што ќе добиете Вие? Ќе добиете намалување на дел од платите на вработените во администрацијата, заради зголемување на вработените во 1998 година. Значи тоа е обврска која ја прима врз база на буџетското работење во 1998 година новата Влада во 1999 година. Тоа го потенцирам, затоа што во една дискусија се кажа дека ние одиме на намалување на платите на работниците. Нормално дека одиме, затоа што ние наследивме работници кои не беа планирани и кои не смееја да бидат примени како работници во администрацијата, бидејќи за нив немаше средства, ниту беа планирани средства за нивно вработување.

Понатаму, врз база на оваа буџетска потрошувачка ние имаме зголемена буџетска потрошувачка и во општата потрошувачка, иако таа беше лимитирана во 1998 година. Меѓутоа, тоа ограничување не се оствари. Ние имаме 297 милиони односно 2 милијарди 978 милиони дефицит на здравствениот фонд.

Се поставува прашање кој ќе го покрие, а тоа го наследуваме од претходното работење. 2 милијарди 978 милиони. Тоа е над 90 милиони марки. Затоа *ќе* биде блокирано здравството, затоа што не можеме ние од дадените нови придонеси да покриеме 90 милиони средства, кои се пренесени како обврски од минатата година. Тоа се однесува и за другите фондови, а оваа година за вработувањата од 1998 година имаме пренесено обврски 620 милиони, тоа е околу 20 илјади германски марки, а немаме вработување оваа година. Тоа нека проверат, имате ревизија, Вие кога го поднесовте Предлог извештајот за Буџетот за 1998 година требаше да си земете и неутрална ревизија, таа ревизија да го провери Буџетот па да кажеме сега, бидејќи имаме неутрална ревизија тоа што го кажува опозицијата го кажува заради тоа што така нејзе и одговара, а она дава извештај за други. Така да и јас мислам дека не требаше јас воопшто да зборувам за извршувањето на Буџетот за 1998 година, туку за тоа требаше да зборува опозицијата, бидејќи тоа е и нејзина работа. Меѓутоа сакав да укажам дека ние во 1999 година наследуваме тешки, тешки обврски од претходната Влада.

Во тој поглед, бидејќи сум сега овде, а се постави прашањето и со ММФ заради Буџетот јас ќе Ви кажам една работа. Во врска со расходите во Буџетот и Владата и ЕСАФ аранжманот ние имаме директни забелешки од ММФ кога дојде во 1998 година, во текот на декември месец кога требаше да ја гледа работата на Владата, не на новата Влада, туку работата на старата Влада стави две забелешки.

Првата забелешка е дека имаме недисциплина односно пробивање на буџетските расходи за 1998 година за исплаќање на пензии, отпремнина и т.н. Значи тоа е спротивно на ЕСАФ аранжманот.

Втората работа вели оваа Влада ги запира структурните реформи, а во Буџетот стои дека стојат структурни реформи. Во

меморандумот со ММФ стои дека претходната Влада ги запрела структурните реформи. И ако се знае дека се тие два битни елементи, дали ќе се продолжи со ЕСАФ аранжманот или нема да се продолжи со ЕСАФ аранжманот, се поставува прашање дали ние можевме да продолжиме со ЕСАФ аранжманот. Можевме само да го земеме товарот на нас. Како ќе го земевме товарот на нас: Прво, укинавме 10% на пензионерите, што немавме право, меѓутоа моравме да го направиме затоа што Фондот ќе си отидеше. Ние моравме да укинеме не со наша волја отпремнината да се исплаќа на администрацијата, заради пробивањето на буџетските расходи во 1998 година, за да го повратиме Фондот да остане овде. Така да сакам уште еднаш да потенцирам, наследивме многу тешка состојба, наследивме многу тешка состојба за преговори со Меѓународниот монетарен фонд. Ние успеавме да ги задржиме и покрај сите овие работи, Фондот со една одредена политика го задржавме, за да можеме сега, бидејќи она предложи дека таков ЕСАФ аранжман нема, ние со Фондот се договоривме сега да имаме нов ЕСАФ аранжман со многу поповолни услови отколку што беа претходните. Меѓутоа, тоа беше буџетската потрошувачка за 1998 година. Меѓутоа, бидејќи не сум го работел јас тоа, тоа се веќе готови податоци кои се бележани само, тие се вистина и нема друга вистина во извештајот и како таков мислам дека треба да се усвои.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот Борис Стојменов.

За реплика се јави г-динот Ило Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Ова навистина г-дине министер ми личи на една лакрдија што настанува во Парламентот, така да ако некој независен од надвор не гледа, ќе мисли дека јас сум министерот што ја предложи оваа завршна сметка, а Вие сте пратеник од опозицијата. Да тргнеме од една теза, да Ви предложам, ајде да не го усвоиме денеска. Ако не го усвоиме кој ќе биде виновник. Ние ќе бидеме виновни 10 месеци што го полниме и што е празен Буџетот, или Вие што го поднесовте овој извештај официјално пред пратениците.

Значи, тука постои некое недоразбирање. Овде се работи за некои егзетни цифри кои се понудени од Ваша страна кон целиот пратенички состав, без разлика кој бил во претходната Влада, кој сега седи во власта, или некој што воопшто не билни во претходната, ни сега седи во власта.

Од тие причини јас предлагам сега да прекинеме со дискусијата, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ нека гласа против и да не ја усвоиме денеска оваа завршна сметка, а Вие оправдајте се после и пред меѓународните институции и пред вашата Влада, каде што сте член, дека 10 месеци проекција и реализација на овој Буџет правевме ние, правеа тие пред нас и ние не сакаме да сносиме одговорност за така лошо конципираниот и така лошо реализираниот Буџет. Меѓутоа, мислам дека тоа е сепак, една провокација да упатам до Вас, а конкретно сакам да одговорам на некои забелешки што ги дадовте.

Јас не случајно на почетокот на мојата дискусија спомнав кои беа основните економски претпоставки на кои се засниваше Буџетот. Дали е добар или лош во крајна линија за нас од поранешната Влада во овој момент е ирелевантно. Тука може да се ломат копја кој е добар, кој е лош, меѓутоа повторно Ве уверувам и тврдам дека ова претставува школски пример на проектирање и извршување на Буџет. Ако оваа година и со ребалансот што ни претстои во јуни го извршите во делот на изворните приходи 97,9% јас реков дека јавно ќе излезам на оваа говорница и ќе Ви честитам. Меѓутоа, верувајте ова Ви е прва година на министерска функција во Буџетот и ако го исполните со 80% тоа ќе биде успех за Вас. Така и јас ќе го сватам како успех, затоа што во текот на 12 месеци реализација на Буџетот претстојат разно разни експерни - интерни фактори кои влијаат врз тие позиции, дали ќе се реализираат или нема да се реализираат. Не станува тука збор само за неспособноста на даночната администрација, или на министерот за Финансии. На пример, сега не мижe никој да Ве критикува дека Косовската криза негативно влијаеше врз реализацијата на предвидените ставки за оваа фискална година и затоа едно од големите оправдувања како експерна причина е да одиме на ребаланс на тој Буџет. Тоа е ноторен економски факт и фактот кој влијае, меѓутоа ако сакаме да направиме една паралела околу она што велите дека и на тие економски претпоставки на кои се засниваше Буџетот за фискалната 1998 година не се реализира и да направиме економските претпоставки на кои се засниваше Буџетот за 1999 година, кој го поднесовте во Парламентот ќе видите дека има драстични отстапувања и драстични разлики. Имено за што се работи?

За 1998 година беше освоен економски да се држат економските реформи и инфлацијата на една ниска ставка со максимум 5%. Тука бевме по успешни и фактички е прашање на економско гледање, како Вие гледате, како јас гледам. Дали со успех инфлацијата проектира на 5 да биде на 2, или неуспех да биде 2 од аспект, веројатно мислите, на развојниот фактор на инфлацијата во одредени моменти, што се согласувам со Вас како економска теза. Меѓутоа, не можете да ни препишете дека ни е мана што инфлацијата од проектиран на 5 сме ја задржале на 2. Сигурно, низ некоја социјала тоа сме го платиле сите колективно како народ, меѓутоа пред меѓуанродните институции, пред економските субјекти на државата сме направиле една економска рамка за едно реално економско претставување на сите економски текови во државата.

Од друга страна нашето предвидување беше дека ќе постигнеме раст на бруто општествениот производ од 5%, а сме постигнале 2,9, или 3%. Значи, за 2% не сме го реализирале тоа. Мислите ли тоа дека е неуспех на претходната власт визави Вашиот предлог, кој се засниваше на раст на бруто општествениот производ во фискалната 1998 година од 5,8 да би само 15 до 20, 25 дена, после предлагање на тој Буџет и усвојување излезете пред јавноста и викате со Косовската криза се случија такви тектонски пореметувања во стопанството и од 6,8 одиме на негативен тренд на паѓање на бруто општествениот производ, скоро се пласираа проценти 8, верувам до 5% да биде оваа година, пак ќе биде добро на некој начин. Значи, ако се постави една паралела помеѓу што бившиот проектант и извршител на Буџетот проектирал и извршил и Вие само за 3 месеци ги менувате ставовите навистина постои битна разлика тука. Неодамна ги читав стенографските белешки од седницата кога го усвојувавме Буџетот, подготвувајќи се за новиот ребаланс, каде што водевме исто една ваква полемика, каде што јас и уште неколку други дискутанти строго се држеа на оние параметри на кои се засниваше целокупната матрица за изработка на Буџетот за 1999 година.

Вие на крај знаете ли што имате речено? Да ги земеме стенографските белешки. Велите "што сте се запнале за растот на бруто општествениот производ од 6,8, тоа е само за меѓународните институции, тие се држат како Вас така. Ние не робуваме на таа цифра. Тоа може да биде помало, тоа може дури негативно да оди". Како што предвидовте и така се оствари. Со една напомена.

Ве оправдува само Косовската криза и стопирање на сите економски процеси со северниот сосед, кој што беше втор трговски партнер после Европската Унија на Република Македонија и во еден и во друг правец, инаку кога го носевме Буџетот кризата не беше почната, можевме само да претпоставиме, да предвидиме како што некој од опозицијата, или некој од независните пратеници и ја претпостави, ја предвиде таа криза. Затоа не се согласувам дека може да се упатат забелешки на бившата Влада и бившото Министерство за финансии дека лошо проектирала и лошо остварила, барем во основните постулати економски на кои се засниваше тој Буџет, а тоа беа 5% раст на бруто општествениот производ и задржување на ниска инфлаторна ставка од 5% годишно, тука се задржа во рамки од 2%.

Второ, да Ви посочам нешто околу вработувањето. Јас кога кажав дека се реализира дел од оние претпоставки на Буџетот со Законот за вработување и напомена во претходната дискусија, дека економската подлога на тој закон фактички лежеше во позиции од Буџетот и ние на крајот на годината само по тој основ на закон имаме регистрирано 39 до 40 илјади нови вработувања, без на некој начин да се наруши таа проектирана рамнотежа во позицијата на билансот на Буџетот.

Значи, 39 илјади вработувања беа исклучиво резултат од тоа што една одредба од Законот укажуваше на битен момент дека со новите вработувања нема да се плаќаат придонесите према Буџет, што беше товар на Буџетот како таков, што беше проектиран.

Друго, неколку пати имаме расправано околу Фондот за здравство, дали некој од позицијата или некој од опозицијата, фактички фалинката во Фондот треба добро да ја разберете ако сакате да имате успех и оваа година кога ќе проектирате. Фалинка во Фондот, онаков каков што е поставен, треба тој да претрпи една тотална реформа, затоа што ако ние го оставевме Фондот со 80 милиони марки во минус на крајот на фискалната 1998 година, во март веќе Вие излеговте со податоци дека тој износ е веќе 120 милиони марки. Тоа значи дека за 3 месеци направивте дуг за нови 40 милиони марки без никаква партиципација и учество на претходната власт и на било кој од претходната власт.

Да Ве убедам уште на една точка дека не сте во право околу вработувањата помеѓу првиот и вториот изборен круг дека тие две илјади нови вработувања колку што ги кажувате го упропастија Буџетот и ги префрлија тие дубиози во следната фискална година, кој е огромен товар за Министерството за финансии. И тоа не е точно, затоа што најкатастрофалните ситуации се во Фондот за здравство. Денеска има оглас само за сто медицински сестри. Знаете што ми рече еден пратеник од Вашата партија, надвор, пред да влеземе, тој рече: поранешниот министер си ги наприми неговите, вашите старите не можеше да ги отпушти, бидејќи има законски пречки, сега дојде новиот министер, тој сто нови вработувања и нов налог доби некои членови да вработи. Така не се води политика на вработување.

Мислам ако се направи сега анализа колку како партиски заслуги и отпосле вие вработивте и кои се товар на Буџетот, нормално дека ќе дојде до намалување на платите во државната администрација, затоа што едноставно тие цифри не можат да го поднесат тој товар. И сега можеме да спориме колку сакаме, меѓутоа јас се согласувам и со тоа ако вие излезете на крај да не го гласаме ова, затоа што не бил добар како што вие се изјаснивте.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, господа колеги пратеници, господин министер за финансии, мора да дозволите на почетокот да го изнесам своето мислење, дека сум малку изненаден од ова што го соопштивте денес тука. Моето изненадување се должи на два факти.

Прво, мислам дека се направи обид во Собранието да се направи мала манипулација со аргументацијата. И со оглед дека, еве како професионален пратеник и како член на Комисијата за финансирање редовно следам и во јавноста што се случува во врска со проблематиката на финансирањето и Буџетот во Собранието.

Морам да кажам дека овој пат се надевам нема погрешно да ме сфатите господине министер, само овој пат нема да бидеме како во функцијата на оние редовни неделни дебати на МРТВ каде што новинарот и министерот прилично унисоно еден час расправаат за Буџетот и се завршува. Овој пат во Собранието на Република Македонија се разбира имаме право да го соопштиме и спротивното мислење и дека нема да се претворат во оние редовни и долготрајни интервјуа каде што отприлика истово се соопштува.

Прво, да кажам, иако тоа ништо не значи, меѓутоа, ќе се задржам на еден критички став, кој ако ништо друго сум го имал и со претходната Влада во многу настапи и од оваа говорница, или од старата говорница и по овие теми во врска со финансирањето на државата, Буџетот, макро економската политика, која вие ја отворивте овде и која наоѓа свој врв ќе се согласите во Буџетот. Буџетот е секако најмоќниот инструмент на макро економската политика во било која држава, всушност расправајќи за него ние расправаме како што и вие направивте за макро економската политика.

Второто изненадување се должи на фактот дека, можеби малку и без да сакате кажавте дека ќе беше подобро овој Буџет и старата Влада да си го одбрани. Јас го третирам г. министер и господа пратеници, овој Буџет како Буџет, односно завршна сметка на Буџетот на Република Македонија. Таа држава имала влади и пратеници и министри, ќе има, има и денес, ќе има и утре, меѓутоа именителот на сите нив е дека се министри на државата, или пратеници на државата и од тој аспект Буџетот не е на минатата Влада, Буџетот не е ни на сегашната Влада, ни сегашниот Ваш Буџет не е на Вашата Влада, тоа е Буџет на Република Македонија. Така што вие сте должен пред ова Собрание како министер на Република Македонија да ја браните завршната сметка како што сте ја поднеле, а не да ни соопштувате дека вие со неа не се согласувате, затоа што на некој начин е од претходната Влада.

И самиот факт дека тој е предложен овде со мислење од Владата за да се усвои, јас го гледам како факт кој нас не упатува дека Владата се согласила со него. Инаку, нема логика да ни се достави, а министерот да кажува дека тој не е добар. Тоа е државен Буџет со извештај за завршната сметка на државниот буџет на која припаѓаме сите ние, без разлика дали сме на власт, или во опозиција.

Прво, ќе започнам со фактот дека јас консултирајќи го, подготвувајќи се за расправа по оваа точка ги консултирав податоците кои сега се прилично достапни преку современите методи на комуницирање од државите кон кои ние се стремиме и чија буџетска политика, чија наша буџетска политика во основа сакаме да ја усогласуваме со оние кон кои се движиме во Европската Унија. Во Европската Унија просечното остварување на Буџетот на државите членки не надминува 90%, 91% од планираните приходи во тековните години во просекот за 15 држави на Европската Унија, а поединечно никој не надминува 93%. Што значи дека остварувањето на Буџетот вкупно од 93,7% во приходниот дел во 1998 година. И ако ги иземеме задолжувањата во странство кои се остварија само со 62% во 1998 година и влијаат на вкупните приходи на Буџетот, тогаш ќе дојдеме до бројката на вкупните сопствени, порано се велеа, изворни приходи на Буџетот од 97,8%. 98% од планираните приходи на државата Буџетот ги оствари во 1998 година и тоа е нешто фантастично со што јас кога би бил министер на идната влада, наследник на г. Стојменов би се гордеел дека нашата држава оствари така добро буџетско остварување во изминатата година, затоа што тоа е резултат со кој ние треба да се гордееме и е резултат со кој ние треба, или нашата влада во преговорите со ММФ да настапи дека е тоа буџетска политика во строги граници, во строги рамки со кои ние имаме преговарачка позиција, дека оваа држава умее да испланира, да го договори со ММФ и да го изврши Буџетот во тие рамки и во таа структура. Тоа треба да претставува своевидна гордост на Република Македонија, ајде да не ги земаме владите стари, нови, идни и т.н., особено имајќи во предвид што и структурата на Буџетот која е доставена овде кај нас упатува на релативно добро планирање и користење на Буџетот во соодветните рамки. Кога кажувавте дека Буџетот не ги остварил макро економските предвидувања, да потсетиме и на некои кои вие не ги кажавте. На пример една од основните, ако не и основна насока, или да речам основна цел на Буџетот беше да обезбеди стабилни макро економски услови во Македонија. Тоа е остварено. Тоа и вие не го негирате во изјавите со ММФ, а и во законите кои ги добиваме во образложението често ќе прочитаме, еве и во новиот закон кој на наредната седница се достави за неразвиените подрачја, ќе го прочитаме на наредната седница. Воведот упатува дека е стабилизирана економската ситуација во Македонија за разлика од 1993 година кога тој закон бил донесен и дека сега има стабилна макро економска состојба. Тоа е констатација во образложението потпишано од премиерот

Љубчо Георгиевски. Што значи дека Буџетот успеал во основната цел, успеал да ја симне инфлацијата, или да ја контролира, успеал да ја контролира остварувањето на инфлацијата од 2% е во рамките на договореното кое беше максимум до 5% со минатата година и тоа не е само волја на овој Парламент, или предлог на гувернерот на Народната банка, ако мислиме и на Владата, туку е и договорено со ММФ. И ние како СДСМ би ве поддржале, и ве поддржавме оваа година во вашата макро економска политика со слична стапка од 3% доколку ја оствариме. Ние не би велеле дека тоа е лошо, ние би го поддржале оваа година да се оствари истата инфлациона стапка, меѓутоа оваа година во првите 5 месеци согласно со податоците од статистика ние гледаме дека имаме сериозни дефлаторни движења кои сите знаеме дека ќе се одразат лошо и на вработувањата и на инвестициите и на штедењето.

Втората покрај инфлацијата беше и контрола на курсот. Во 1998 година вие знаете дека огромен процент од Буџетот имаше трансфери во Народната банка со цел да се контролира курсот на Република Македонија, што е успешно завршена работа и ние тоа го цениме како добро. И оваа година вие го ставивте тоа во Буџетот и ние не е само заради тоа што е на опозиционата од наш аспект гледано на другата Влада, не го поддржуваме. Напротив ние и сега поддржуваме политика на Буџетот за контрола на курсот преку депозитот на Буџетот во Народната банка и таа политика ќе ја поддржуваме, затоа што тоа не е политика на актуелната власт, тоа е политика на два милиони граѓани на Македонија кои сакаат стабилен курс, се разбира доколку и Владата така оцени. Што значи дека некои од основните цели се остваруваат. Во право сме кога тврдиме дека овој Буџет имаше и за тоа во Завршната сметка стојат прецизни податоци, да не ги читаме ги имаме сите, толку и толку средства употребени за стимулирање на новите вработувања согласно законот, кој во февруари по моја оценка за жал се укина.

Меѓутоа, да кажеме сега дека податоците за 1998 година, заокружено, сега ги немам точните, меѓутоа прилично се точни. Тука е и министерот за труд и социјална политика, се надевам ќе може да потврди и на една прес конференција ги потврди, дека од прилика 6о илјади луѓе се вработија во 1998 година, а од нив околу 30 илјади беа последица на Законот за вработувањето, како директна последица, односно ги користеа благодетите што може да се смета дека е последица на тој Закон, односно париве кои вие ги споменавте, а кои се потрошени околу 20 милиони германски марки за остварување на 30 илјади вработувања се многу малку и тоа ќе го аргументирам само со една ваша дискусија од пред еден час кога кажавте цитирам дека: со кредитот од Советот на Европа од Фондот за социјален развој кој тежи 10 милиони германски марки, а кој предвидува дека и банките мора да учествуваат во дополнително кредитирање на програмите кои по него ќе ги остварат, ќе имаме околу 1200 нови вработувања. Со кредит од 10 милиони имаме 1000 вработувања, а со средства од 20 милиони 30 илјади вработувања. Да го прогласиме за успешно на Република Македонија пакетот за вработување.

Јас и тогаш кажав и сега кажувам, апелирам до Владата да размисли за тие мерки за вработување кои сега се покажаа дека не се добри и да апелирам дека треба ова Собрание да ги добие податоците за движењето на бројот на невработените. Да ги добиеме податоците за бројот на невработените, дали тие растат, дали се намалуваат, каква е нивната структура, затоа што сега навистина се наоѓаме во една информациона блокада од аспект на доставување на податоци од Заводот за статистика и од Заводот за вработување.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

(Дофрлува од место).

Сигурно ќе ги добиеш и негативни ќе бидат.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, јас ќе ве молам во својата дискусија согласно Деловникот господинот потпретседател на Владата да не ми се уфрлува, затоа што јас тоа никогаш кај Вас не сум го направил.

Што значи дека во минатата година имаме намалување на невработените за прв пат после 12 години по податоците од Заводот за статистика за отприлика петоцифрен број.

Тоа значи дека политиката која тој Буџет и сега ја усвојуваме политика со Завршната сметка треба да ја прогласиме за успешна. Таа е на сите нас. Исто така би сакал да спорам со фактот дека Буџетот не ја остварил зацртаната стапка на развој од тогаш предвидените 5% и остварил само 2,9%. Се надевам дека се тоа претходни податоци, заради тоа што конечните податоци ги нема никој во моментов. Меѓутоа, еве да ја земеме изјавата на г. Стојменов како официјална изјава на Владата дека, претходниот податок за 1998 година упатува на зголемување на бруто домашниот производ за 2,9% во 1998 во однос на 1997 година како што Вие кажавте со една ваша опаска, само 2,9%. Јас 6и сакал да образложам што значи "само". Бруто домашниот производ во Република Македонија во 1997 година изнесува 3,5 милијарди американски долари. Ако тој се зголемил во 1998 за само 2,9%, тоа значи дека Македонија минатата година остварила поголем бруто домашен производ за само 115 милиони американски долари. Јас јавно Ве повикувам идната

Завршна сметка или на 1 јануари, исто така гордо Вие овде да изјавите дека Вашата Влада успеала да сите ние само за 115 милиони долари поголеми приходи имаме во Македонија во оваа година.

Господине министер и почитувани пратеници, стапката на развој од 2,9% не е "само". Таа е значајна заради две причини.

Прво, што таа значи земање на полет во економијата после 15 годишни негативни стапки во Република Македонија, таа е втора позитивна стапка после 1996 година кога беше нулта со 0,6% и 1997 година со еден кома нешто и ние овој тренд треба да го продолжиме. Доколку мислиме дека е само, а во исто време изјавуваме дека оваа година ќе имаме негативна стапка на раст со Буџетот кој сега е предвиден заради разни блокади кои вие ги земате предвид, меѓутоа не земате предвид дека и 1994 и 1995 и 1996 година имавме блокади и санкции во истите тие услови. Што значи дека не е само 115 милиони долари, тоа значи дека ако имаме закон со кој ние јавната потрошувачка во Република Македонија отприлика ја рангираме во економската политика и на оваа Влада со 38-40% од Џи-ди-пи. Тоа значи дека од овие 115 милиони 40% ќе бидат некаде околу 45 милиони долари повеќе средства во Буџетот и отприлика 55 милиони долари повеќе за потрошувачка и за инвестиции, кој како ќе реши во сопствените претпријатија.

Така што јас не 6и ја крстил политиката на 1998 година дека е само 2,9% и 6и бил горд со тоа. Мислам дека тоа е показател дека Македонија во 1996, 1997 и 1998 година, да ги заборавиме сега изборите поминаа, нас не ни помина тоа уверување, меѓутоа овде се фактите дека тие податоци за Македонија се добри, да даде господ да ги продолжиме, да можеме идната година јас би бил задоволен заради оваа криза нулта стапка да изјавите, дека тие 3,5 милијарди долари не се начнати. Меѓутоа се плашам во 2000 година да не дојдеме во ситуација дека Џи-ди-пи во Македонија за 1999 година од 3,5, или согласно ова 3,615 се намалил на 3.400 милиони долари.

Ако имаме предвид како се пресметува по новата методологија на ММФ и Светската банка и светското статистичко здружение во Заводот за статистика бруто домашниот производ во кој, ајде да не отвораме стручни расправи, влегуваат импутираните станарини и други т.н. фиксни приходи во Џи-ди-пи, тогаш кои се фиксни и зголемувањето од 2,9% добива уште повеќе на значење, а сегашното намалување уште повеќе во тежина, дека ако се намали сегашниот Џи-ди-пи наш, како што вие кажавте за 5 до 10%, а фиксните приходи на Џи-ди-пи се истите импутираните станарини. Имаме огромен станбен фонд, тогаш значи дека намалувањето на она што новосоздадено се прави е поголемо од 5-10. Меѓутоа сега тоа треба статистика да ни дава податоци со кои ние ќе можеме така да расправаме овде, да не импровизираме на некој начин. Меѓутоа, тврдам со прилична точност.

Не би сакал да го повторам претходниот дискутант, дефицитите во здравството, по втор пат во овој мандат го истакнувам тоа, се резултат на системската поставеност на македонското здравство, во кое Владите, а и граѓаните сакаат добра здравствена заштита, ама не сакаат да плаќаат, а сакаме ние да имаме само стапка од 8,6%, или колку е стапката за здравство каква што ни е. Доказ за тоа е фактот дека Фондот има дефицит, не како што рече г. Флоровски на една од минатите седници прилично лаички дека, каде се парите?

Вие знаете дека дефицитот е создавање на повеќе обврски отколку што има приходи. Значи се троши повеќе, се прават фактури се трупаат за повеќе трошење. Меѓутоа фактот е дека и вашата политика ствара дефицит. Еве, јас сум од ова Собрание во Управниот одбор на Клинички центар, ајде да не кажам, министерот за здравство е тука, нека си ги каже сопствените податоци, меѓутоа официјално како член на Управниот одбор сум информиран дека Клиничкиот центар со процентот кој го зема од здравството на Македонија ствара дневен дефицит.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Не затоа што некој ги носи некаде парите, не затоа што Владата на Бранко Црвенковски била виновна или сега Владата на Љубчо Георгиевски. Здравството во Македонија создава дефицит. Се додека не најдеме систем или повеќе да издвојуваме за неговото финансирање, или да го спуштиме на пониско ниво, што апсолутно не треба, или да најдеме комбинација на подобро финансирање од државата преку ставките или Буџетот и на поголемо партиципирање од граѓаните. Кај здравството едноставно апелирање на дефицитот во смисла во која од оваа говорница се сакаше да се прикаже јас мислам дека е недоволно образложение од Владата. Треба да се упати на сериозниот проблем дека нашето здравство создава генерички, да речам внатрешно поставеноста негова создава дефицит, кој ако сакаме да го решиме, за жал, ќе паднат во вода сите изборни предвидувања или наговестувања дека ќе имаме подобро здравство, а помалку ќе плаќаме, без разлика дали било на ВМРО-ДПМНЕ или на ДА. Ние не можеме да имаме подобро здравство со помалку плаќање, а со поголеми услуги. Се повеќе луѓе ќе ги ослободуваме да плаќаат за здравството, а се поголем број на луѓе подобро ќе ги лекуваме. Не оди тоа и наместо да имаме дискусии дали некоја Влада е виновна за дефицитот на здравството, јас предлагам оваа Влада итно да излезе со концепт за здравството. Без предметни се овие дискусии, треба да се

излезе со концепт за здравството. Јас не го познавам здравствениот аспект на здравството, ниту сум стручњак за тоа, меѓутоа, можам да тврдам дека треба да излеземе со концепт за финансирање на здравството прилично уверено да тврдам дека тој концепт сега е лошо поставен и дека вината не треба да се сведе ниту на Вас ниту на претходната Влада, туку треба да се сведе на една општа клима во Република Македонија, која мора да ја смениме. А нема да ја смениме ако министерот за финансии вели дека парите во здравството се во дефицит, ако владеачките пратеници кажуваат тие пари ги снемало некаде. Да ја отвориме вистинската карта, дека парит9 во здравството недостасуваат, заради тоа што имаме големи обврски, а малку плаќаме за него. Јавното мислење да го искреираме така да биде подготвено дека треба повеќе да издвоиме за здравството и тој што добива услуги повеќе да плаќа за здравството. Се разбира дека одредени категории на граѓани треба и државата да ги финансира, меѓутоа, недозволиво е ние да размислуваме дека за нашето сопствено здравје треба да плаќа некој друг, а ние од нашите сопствени приходи да си плаќаме летувањ9. Треба да ја подготвуваме македонската јавност и Вие и ние. Овие влади се менуваат, колку сака, и сто години колку што рековте Вашата ќе трае, ќе дојде друга. Треба да се подготви македонската јавност за тоа дека во здравството се потребни сериозни реформи, без обвинување на ниедна Влада.

**МИЛАН СТАВРЕВ:**

Зошто не го направивте тоа до сега?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Од истите причини од кои сега не се прават. Затоа што е тешко да се направат. Тие се правеа постапно, постапно и се дојде до ова што се дојде и сега повторно се закочени. Затоа што имате предизборни ветувања.

Комисијата за финансии уште во април побара од Владата да излезе со официјални податоци во врска со донесувањето на Буџетот или кога се донесе Буџетот во почетокот на април, еднаш за секогаш да престанат наддавањата. Јас сега нема да наддавам во овој Парламент, меѓутоа, дајте да излеземе со податоците кој бил бројот на вработените во државната управа на 31.12.1997 година, кој бил на 30 ноември 1998 година и кој е на 31 мај 1999 година. Ете ги податоците и истите тие податоци за јавните претпријатија, чии директори ги именува, иако не се буџетска потрошувачка, меѓутоа се дел од политиката на оваа држава во вработувањето, кои ги именува Владата и после да почнеме да расправаме. Сега министерот ми вели имало 2.000, а не кажува колку има денес. Јас можам исто да наддавам дека денес има 20.000 да речеме.

Проблемот е што 1998 година со меѓународниот монетарен фонд се договори политика на плати во бруто износ, која се вгради во Буџетот и која сега се оствари таква каква што е и не претставуваше проблем на ММФ. Сега имаме кусок на информации, меѓутоа, од ова што можеме да го насетиме е дека ММФ има проблем со Владата по однос на платите такви какви што се зацртани во годинашниов Буџет. Дајте, немојте да ги криете, нема потреба, нека се работи и за претходната Влада и за оваа Влада, кажете кој е бројот на вработените во буџетските установи, вкупно, не не интересира нас по министерства. Да видиме дали една глобална политика, која сега ова Собрание ја поддржува веќе 5-6 години се остварува доследно, дека се формира во бруто маса од средствата за платите на работниците и дека тие на крај се остваруваат. Сега се оствариле за 1999 година. Од овој извештај гледам дека тие се оствариле такви какви што се.

На крајот ќе завршам со следново.

Оваа дискусија на господинот министер добро ќе ја запаметам, на крајот на краиштата имаме и стенографски белешки кои се водат на седницата. Ќе ја запаметам и ќе ја актуелизирам кога *ќе* дојде ребалансот, кога ќе дојде идната завршна сметка и кога ќе дојдат други закони и тогаш повторно ќе расправаме дали остварувањето на Буџетот од 97,9% на приходната страна во сопствените приходи односно вкупно 93,7% 9 големо, како што рековме, инаку тоа е 6,3% намалување, а во изворните приходи од само 2,1%. Тогаш ќе ги споредам Вашите две стенограми. Мислам дека остварувањето на Буџетот над 93,7% во основните приходи и 98% е извонреден успех, ако сакате во една 12-тина и на Вашата Влада, која ја презема државата, точно една 12-тина од 1998 година.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Никола Поповски.

Има збор господинот пратеник Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, искрено да кажам дека не бев со намера денес да се јавам со дискусија по оваа точка, но едноставно се јавив заради следната причина.

Господинот министер, кој што имам таа среќа долго време да го познавам и со кој во претходниот период сум имал прилика да соработувам, за мен9 важи за стручен човек кој го знае својот занает и кој што знае што значат бројките, од каде тие произлегуваат и какво објаснување по одредени позиции може да се даде за одредени износи, не зависно дали се работи за Буџет или се работи за завршни сметки на претпријатија и друго. Но ме

изненадува тоа што таков го знам од она што денес го слушнав, заради тоа што при неговиот денешен настап веројатно заради потребата од позицијата и од средината од каде што е во овие простори дава одредени објаснувања кои не коинцидираат со стручноста која што ја поседува, или со други зборови, го прилагодува неговиот настап денес овде, заради остварување одредени цели кои се поставени и кои во основа се однесуваат да се каже се она што може да ја оцрни претходната власт, а да се добие општ впечаток дека таа буквално не знаела како да работи и дека резултатите кои ги постигнувала се далеку од она што треба да се постигне.

(Во меѓувреме од салата излезе претседателот Саво Климовски, а на претседавачкото место се најде Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието).

Моја препорака е, при идни настапи, да си ја задржи онаа прва страна која ја знам, а тоа е стручноста, посебно што претставува едно министерство каде имаме егзактност, бројки и кои се факти и аргументи за секоја дискусија. Оттаму, ќе се обидам да не се повторам со мојот претходник во дискусијата, но ќе потенцирам само еден дел од неговата дискусија со цел да направам една дополнителна анализа.

Овде беше изнесено како се остваруваат буџетите во земјите на Европската Унија, кои се процентите на остварување на буџетската потрошувачка и како таа се реализира, за да се направи едноставно компарација, каде сме ние во тие споредби. Ако сакаме да видиме, а би требало да видиме со она што е презентирано пред Вас овде, драги мои колеги, со прегледот на приходите на Буџетот на Република Македонија во 1998 година, значи ако ја анализираме приходната страна, го добиваме процентот на остварување 93,7%, односно она што било планирано. Но, дополнително ако го анализираме во рамките на структурата на приходите, тогаш можеме да забележиме дека во планираните приходи бил планиран и дефицит на буџетската потрошувачка, кој што требало да се пополни со задолжување кај странски меѓународни развојни агенции. Таа позиција во планираните приходни средства била 4,5 милијарди денари. Во 1998 година држава Македонија таа позиција ја има исцрпено со 2,831 милијарда. Тоа значи дека има разлика од 1,7 милијарди и ако претпоставиме или направиме една обична математика, таа 1.7 милијарди ја додадеме на 42 милијарди и 655, тогаш се добива висок процент на остварување на Буџетот, што е голем успех за водењето на буџетската политика во 1998 година и што секој треба да го прифати како таков.

Притоа, морам да споменам дека во 1998 година, нешто на товар на Буџетот, нешто на товар на платниот биланс се сервисирани 120 милиони долари странски кредити во вид на отплати и камати. Тоа се бројки кои се објавуваат и со кои Македонија се третира меѓу земјите кои редовно си го сервисираат својот надворешен долг, значи како кредитно способна земја.

Ако направиме една мала дополнителна анализа, мораме да го потенцираме фактот дека одредени даночни приходи се остваруваат над планираното и тоа значи дека една реформа во даночниот систем која била отпочната, а која Вие треба да ја продолжите и понатаму со воведување на ВАТ системот, кој што закон Ви беше оставен готов, и добро е тоа што гледам дека во Владина процедура тој закон оди со една динамика, даночните приходи растат и тоа за 8,8%. Ако сакате и дополнително да ја анализирате таа позиција, може да се забележи дека одредени даночни позиции, како што е данок од меѓународна трговија и трансакции, при услови на намалени пондерирани стапки за зафаќање или оптоварување, растат со 12,4%. Тоа значи се направени почетни, но значајни резултати во потиснување на она што го викате Вие евазија. Дај боже, продолжете на таа линија, затоа што сите ние сме против евазија во оваа држава.

Накратко би споменал само нешто околу билансот на расходи на Буџетот на Република Македонија.

Се извинувам, ако погрешно слушнав однапред се извинувам.

Вие кажавте дека основни плати и наемнини растат со 13%.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Со 14%.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Во позиција 401, во разред 40 - Плати и наемнини и надоместоци, основни плати во 1998 година се позиционирани со 15 милијарди и 938 денари, а биле планирани со 16,039 милијарди, а тоа значи дека се остваруваат со 99,4%. Далеку од тоа дека растот е 14%.

Добро е што во расходниот дел буџетската политика се реализираше во насока на поддршка на неговата редистрибутивна функција, што е многу значајно за македонското стопанство, што е многу значајно во такви услови во кои работеше македонското стопанство, затоа што тоа е многу значајна активност, која што значи забрзување на репро процесите во домашното производство и обезбедување на стоки и материјали од домашно производство, и добри се Вашите залагања што и во вакви услови во кои се наоѓаме, особено од Вашето министерство излегуваат иницијативи за разни видови потрошувачка, за задоволување на потреби на хуманитарни или други организации, како што е НАТО, од домашно производство.

Добро е за тоа што се залагате, но не е добро тоа Ваше залагање не наоѓа на одзив кај надлежните лица во тие организации и асоцијации, да го прифатат тоа и да постапат по тоа, затоа што ако сакаат конкретно да помогнат и на таков начин можат да помогнат. Повеќепати ги слушав Вашите дискусии или Вашите изјави и тоа Ваше залагање господине министер јас го поддржувам. Нашата препорака е да продолжите со тоа и покрај тоа што сега потребите се помали во однос на тоа што беа пред месец, месец и пол, кога можеа да се остварат и поголеми резултати.

Во буџетската потрошувачка во 1998 година на делот на расходите добро е што се реализира една определба која беше зацртана и во матрицата водена со Меѓународниот монетарен фонд околу стерилизација на буџетски средства, околу депозит на средства во Народна банка. Тоа е добра мерка, која има добри цели како мерка, за да се остварат со неа и мислам дека во рамките на тоа Народната банка можеше по креирањето на монетарната и кредитна политика да се потпре и на таа позиција, за да може кај деловните банки да ги зголеми лимитите на пласманите за да уфрли свежи пари, за да може тие пари понатаму да се внесат во производните и други репропроцеси.

Би коментирал само уште нешто. Спомнавте дека заради таквите состојби во Буџетот, ММФ беше готов да ги напушти преговорите со Република Македонија ЕСАФ аранжманот и дека за тоа имате Меморандум. Така кажавте. Не е точно. Немојте да кажувате работи кои не се такви.

Прво, Вие немавте концепција какви преговори да водите со ММФ. Вие се согласивте последните преговори да ги заокружите со Си Си Еф аранжманот. Јас на минатата седница го спомнав ЕСАФ аранжманот. Два дена после тоа Камдеси дојде и Ви го предложи ЕСАФ аранжманот, а Вие не знаевте тоа да го побарате.

За разлика од нас Република Македонија, Албанија го побара и го доби во реализација, а ние треба да чекаме до септември да се реализира, ако се реализира, ЕСАФ аранжманот, Вие отидовте на Стенд Бај аранжманот, наводно за да извршите притисок кај земјите донатори ветената донаторска помош да ја реализираат. Има основни правила во водење преговори со ММФ. Има процеси, има и обврски кои произлегуваат од тие процеси. Познато е дека - јас знам зошто бегавте од ЕСАФ аранжманот. Бегавте заради тоа што требаше да реализирате дебели обврски кои треба да ги прифатите за продлабочување на структурните реформи во Република Македонија, вклучувајќи ја и државната администрација во Република Македонија.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:** (Продолжение)

Инаку ММФ во анализите што ги дава за реализацијата на првата транша од ЕСАФ - аранжманот, ако не беше позитивна анализата немаше да реализира прва транша ММФ, немаше да даде пари. Тоа е јасно. Ќе каже не ги исполнувате земените обврски, нема пари. Но, вторите транши носат обврски за делот на социјалата, во делот на здравството, во делот на државната управа, што вие мора да ги реализирате, ако сакате да се зафатите со структурни реформи, затоа што најчесто овде од говорница тоа го говорите дека ќе ги продолжите структурните реформи. Тоа се структурните реформи. Тоа се и вкупно економските форми. Може да кажувате работи кои не се разбираат овде, но има луѓе во оваа држава кои ги разбираат и кои ги почитуваат.

ММФ има позитивна оценка за водените активности во 1998 година околу тековните трансфери. ММФ ги следеше вкупно реализираните буџетски приходи, вкупно дистрибуираните средства за социјала, за вработуваше и други потреби во вид на тековни трансфери и ММФ ги следеше стерилизациите по динамика на средствата како се прибираа во Народна банка. Тоа го интересира ММФ. Затоа не се согласувам со вас, со оценката дека ММФ заради тоа што буџетот е вака остварен не ги продолжуваше разговорите. Тоа не е вистина. Тоа може стопати да се каже ако сакате да стане вистина, но на крај, вие имате пред вас иден период ќе разговарате и ќе дојдете во овие ситуации за што ние ќе имаме прилика тие овде да ги потенцираме и да се повикаме на ова што сега го кажуваме. Да завршам.

Во рамките на она што значи реализација на буџетска потрошувачка во 1998 година, нејзино учество во бруто домашен производ од аспект на тоа во кој процент буџетската потрошувачка учествува во бруто домашниот производ, при услови на зголемен бруто домашен производ, мислам дека треба да дадете оценка, реална, позитивна, таква каква што треба да се даде. Се друго би било водење на една стара пракса која овде се применува од почетокот на овој состав на Парламентот, се најлошо за оние пред вас.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, добро е тоа кога учениците ги надминуваат професорите. Господинот Бузлевски го надминал професорот и тоа е добро. Меѓутоа, во погрешна насока, во моралот односно во неморалот.

Јас морам да кажам дека компарациите на Македонија со Германија, се нонсенс, за ниедна економија. Не можете вие да споредувате македонска со германска економија. Не можете да споредувате вие луѓе ако нема исти карактеристики. Сите појави кои ги споредувате

треба да бидат слични или приближно исти. Така да таквите споредувања ние ги слушавме барем јас ги слушав 7 години, најдобри сте во светот, кога ќе споредуваме со Германија и со другите.

По степенот на невработеноста имаме бројка над 40%. Зошто ние тоа не го споредиме со Германија, да кажеме каде сме, бидејќи таму 1 до 2%, а ние имаме 40% невработеност. За вакви те споредби јас само ќе кажам една работа. Ако овде се каже 93% од спроведувањето на Буџетот е супер, за книги, ние во оваа година со такви тешки проблеми кои ги наследивме, Буџетот го оствaруваме за 5% повеќе од планираниот. Ние не знам каде сме. Треба да држиме лекција за цел свет, затоа што тоа никаде го нема во светот. Меѓутоа, јас не гледам дека тоа некој посебен квалитет. Не е тоа посебен квалитет. Според тоа ние ги оствaруваме приходите повеќе не заради тоа што ние во тие два-три месеци преземаме некои посебни активности, туку ние ги оствaруваме приходите заради тоа што имаше голема евазија на приходите со менување на власта, бидејќи приходите се плаќаа по партиска припадност, а не спрема државата. Затоа со промената на власта дојде и до зголемување на приходите.

Значи финансиската дисциплина се зголеми. Тоа е причината за зголемување на приходите. Така да евазијата си постоела. Во 1998 година плаќаа даноци оние кои беа блиски до партијата, а тие кои не беа блиски плаќаа дупло повеќе даноци.

Вели приходите се остварени за 108%. Ако ние го оданочуваме и животот на човекот, ќе собереме многу приходи. Ние во 1998 година ги оданочивме сите претпријатија кои работеа со загуба и сите претпријатија кои имаа не наплатени побарувања. Се тоа го оданочивме. И уште една аномалија. Ние приходите ги зголемивме за 12%, а стапката за данок на добивка ја намаливме за 100%, од 30 на 15, а собравме приходи 10% повеќе.

Морам да му кажам на уважуваниот пратеник Бузлевски. Тешко ми е мене како министер за финансии. Тешко ми е од него затоа што секој ден наоѓаме гаранции на претпријатијата дадени, кои паѓаат на товар на буџетот, а тие не се внесени во буџетската потрошувачка, ниту во планот на Буџетот за 1998 година. Ние имаме 90 милиони долари на товар на буџетот потпишани од Бузлевски и компанија, на претпријатија пред изборите, да купуваат мир.

Јас кажав дека социјалната сфера каде се купуваше мирот расте за 14%.

Морам да одговорам тука и на Никола Поповски за ова прашање каде вели инвестиционата активност е зголемена па споредува, па ЏДП и т.н. Ништо не споредувам. Ја само ја споредувам бројката. Во 1997 година се потрошени средства за инвестиции 4 милијарди 632 милиони. Во 1998 година потрошени се за инвестиции 2 милијарди 617 милиони, или се потрошени помалку пари за инвестиции за сметка на купување на гласови 2 милијарди 025 милиони денари, или е тоа над 65 милиони германски марки. Со тоа е намалена развојната активност на Буџетот за 1999 година. Можеби оттука не е остварен овој раст на Буџетот за 5%.

Вели посебната улога која ја има оваа стерилизација на фондови. Многу тешки зборови употребуваме стерилизација и т.н., па депозити и т.н., и тоа било добро. Јас морам да кажам тоа не и е добро ни на претходната Влада ни на оваа Влада што го прави тоа. Меѓутоа, оваа Влада го наследува. Нема аранжман во светот склучен, некоја Влада курсот на денарот да го брани со Буџетот. Таков аранжман не постои во светот. Единствена земја сме ние и тој аранжман ние го продолжуваме, затоа што ММФ бара да го продолжиме тој аранжман, а ние го фалиме, велиме тој е супер заради тоа што го зголемува лимитот на кредитот. Нема врска. Ние целиот Буџет го употребуваме за курсот на денарот да биде стабилен, така како што ние бараме да биде стабилен.

Она што е во врска со ММФ, јас морам да кажам дека најмалку кажува вистина господинот Бузлевски кога кажува ние, јас на наредната седница ќе го дадам меморандумот и ќе барам пред македонската јавност јавно да се извини, дали стои во меморандумот за трошење на средствата на буџетот за 1998 година, за структурни реформи во 1998 година и т.н. Господине Бузлевски тие структурни реформи ние не ги преземавме. Ги преземавте вие во февруари 1998 година и до декември, кога јас првпат стапив како министер за финансии, тогаш ми кажаа дека ние треба да ликвидираме 12 претпријатија загубари. Што требаше ние како Влада да кажеме, кога ние тогаш дознавме. Вие тоа го криевте пред македонската јавност. Тајни беа вашите аранжмани со ММФ. Ние сега не преговараме како вас како поданици. Ние преговараме како партнери. Не прифаќаме ние се од ММФ и нема да прифаќаме ако тоа не е во интерес на Македонија.

Јас како министер за финансии никогаш нема да водам разговори да бидам поданик. Тоа е партнер, ако ни одговара ќе се договориме, ако нема да ни одговара нема да се договориме, вие после пак зборувајте без ММФ нема решение. Ние сме за ММФ меѓутоа македонскиот интерес треба да биде спасен. Извинете, не може на Македонија да и се наметнуваат услови кои Македонија нема да ги прифати. Траншата од ЕСАФ - аранжманот не ја добивме заради проверката во декември. Ние дојдовме на 8 декември на власт и проверката беше на 8-ми. Значи истиот ден. Јас како министер за финансии не седнав сам на столица туку седнав заедно со ММФ уште првиот ден. Тие ја проверуваа вашата работа, а не нашата. И они си отидоа затоа што ние не си ги исполнивме обврските со ММФ.

Дефицитот во здравството. Јас мислам дека тој дефицит е огромен. Се зборува овде дека тоа е системска мерка, тоа е системско прашање.

Меѓутоа, овде забораваме дека дефицитот од буџетот се огромните јавни тендери кои тендери беа ограбување на фондот за здравствено осигурување. Купувавме лекови кои се стари 10 години и купувавме лекови за 20 години однапред и сега не знаеме што да им правиме. Според тоа дефицитот на Фондот за здравствено осигурување потекнува од тука.

Тука сакам да спомнам една работа. Кога водиме дискусија треба да водиме, вие водевте политика во 1998 година, правевте буџет за 1998 година, го извршивте буџетот за 1998 година, ќе примате критики од нас дека тој буџет, како сте ја воделе политиката добро или лошо и тоа е добро. Така и ние кога ќе дојде крајот на 1999 година, јас ќе бидам во иста положба како што е сега претходниот мој колега. Сигурно тогаш ќе кажувате, извинете министер ова не го извршивте, а го кажавте, ова кажавте не го извршивте и т.н., и тоа е во ред. Но, ние не можеме сега да бегаме од темата. Се вели што ќе правите вие, ќе видите кога ќе зборуваме за вашиот ребаланс. Тогаш ќе зборуваме. Сега ќе зборуваме за Буџетот за 1998 година. Да не бегаме од темите. Бегаме од темите затоа што тие се многу тешки теми.

Господине Бузлевски ја задолживте оваа држава со даваше неограничени гаранции на претпријатијата, на сите ваши блиски претпријатија и затоа имаме проблеми сега со ММФ.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Не ме убеди министерот, затоа сакам да го знам подобро во она првото светло, како стручњак.

Господине министер, вчера на радио слушнав една информација, на канал 77 дека во Штип имало штрајк и тоа акционерските друштва на "Македонка" и "Метална". Штрајкачкиот одбор бил на разговори кај господинот заменик министер за стопанство Ламбе Арнаудов. Јас случајно слушнав обраќање на еден од штрајкачкиот одбор, дали за канал 77 или пред вработените, не знам. Кажува, господинот Ламбе Арнаудов им вети но не може денеска да оствари средба со господинот министер Борис Стојменов. За вчера зборувам.

Пред месец дена во "Фринко" беше претставник од Влада и кажа дека по 5.000 денари линеарно се дадени, не знам дали е точно, се извинувам ако не е точно, на работниците. Сакам да кажам, гаранциите на кои вие по вторпат се повикувате во овој Парламент се издавани за водење на производен процес во соодветните фирми, за кои што се издаваат и ги издавала Владата.

Дека во претходниот период претежно кон ФАС "11 октомври" да се даваат и е успеано од два автобуси да се произведат 120 автобуси, со тоа што падната е само една гаранција и тоа вие што ја имате потпишано, последната. Тоа ќе го аргументирам и јас, па ќе барам и јас да се извините вие затоа што, ако е точно тоа што го кажавте вие за ММФ, јас јавно ќе дојдам овде и ќе се извинам.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Ред е да кажеме кои гаранции се издадени на сите претпријатија и ред е господинот Бузлевски да каже каде се трошени државните резерви во износ од 45 милиони и како се делени, а се изедени. Тие се 45 милиони долари, на кои претпријатија се дадени и дали воопшто тие можат да се вратат назад.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани пратеници.

Прво, јас би го прашал господинот Бузлевски дали јас не треба да разговарам со штрајкувачки одбор. Мислам дека тоа е нормална појава помеѓу Владата и стопанските субјекти.

Сега сакам да кажам една друга работа. Овде сите ние меѓу себе се почитуваме, викаме дека го почитуваме професорот, јас го почитувам господинот Поповски, Бузлевски и т.н., меѓутоа секогаш искажуваме работи, она што ни одговара.

Ќе се задржам малку на дискусијата на пратеникот Никола Поповски околу порастот на бруто домашниот производ. Во ред е, меѓутоа ние треба да знаеме сите овде дека проектирањето на Буџетот во функција на макро економската политика и треба да видиме како тоа се одразува на вкупните состојби во стопанството. Јас знам дека вие направивте околу 115 милиони долари поголем бруто производ во 1998 година, само вие ги премолчивте жртвите што ги претрпе нашето стопанство заради тоа. Јас ви гарантирам дека во одредени претпријатија каде што упорно се форсираше извозот, се направија такви загуби што тие претпријатија сега се, буквално ќе кажам, во пустош. Имаме ние состојби во нашите претпријатија каде што по единица производ ги чинело да речеме 7, 8 или 10 илјади долари единица производ по тон, а се извезувало за 3.700 долари. Значи повеќе од 100% загуба се правело и сега ние имаме такви состојби да не можеме да ги враќаме тие пари.

Јас ќе го потсетам господинот Бузлевски на ЕБОР што треба да се вратат кредитите, што ги враќа Електростопанство. Сега има транша од 2 милиони долари што треба да се вратат, а тоа ниедно претпријатие на кое вие му ги имате доделено тие средства не е способно да ги врати.

Јас мислам дека сите овде се залагаме и јас и во иднина ќе се залагам дека ова е Македонија, ова е Влада на Република Македонија, ова е Парламент на РМ, меѓутоа треба да бидеме искрени во сите свои искажувања и на тоа да ги градиме идните претпоставки што можеме да направиме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот Никола Поповски, се јавува за реплика, а во што ќе биде не е спомнат.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Мала реплика за г. министер Стојменов, кој ме спомна во однос на мојата дискусија.

Ќе ја искористам приликата со оглед на тоа што и г. Арнаудов апелираше условите на светскиот пазар се строги и такви. Ако сакате да поттикнувате извоз - треба мерки. Има држави со концепции извоз по секоја цена, тука со г. Арнаудов со оглед дека сме имале долги можности за разговори најчесто сме се согласувале.

Сакам да го кажам ова. Не се согласувам со позицијата на Владата на РМ дека Македонија треба да преговара со ММФ на позиција поданик или херој. Македонија мора да преговара со Меѓународниот монетарен фонд на позиција должник и доверител. Тука нема поданик и нема херој. Може да се случи херојот на крај да стане најголемиот поданик ако ја изгуби војната со херојство. На пр. во една друга сфера на север од Македонија хероите се сега поданици.

Сакам да кажам дека во должничките односи со ММФ мора да се почитува строгоста и улогата што ја има ММФ во светот. Јас тврдам и се сега нормално дека овие расправи можат да течат до бескрај, го почитувам г. Стојменов што тој мисли, меѓутоа јас мислам дека во Европа нема економија во транзиција што може успешно да ја оствари без соработка со ММФ. Јас стојам зад тоа. Нема. Ако сакате успешно да пребродите транзиција и се наоѓате во Источна Европа, вие сте упатени со ММФ спогодбено да соработувате, затоа што ММФ е образот по кој понатаму ако сакате да кажеме се редат и Лондонски клуб и Париски клуб и Светска банка и сите владини и невладини банки и други доверители. Ако немате спогодба со ММФ сите ќе ве вратат прво таму, па макар се работи за 10% од вашиот долг, затоа што тоа е востановена пракса во светот. Инаку, без соработка со ММФ како што сега се загатна, јас г. министер се радувам дека г. Камдеси на разговорите со г. Глигоров, кога даде изјава рече дека ќе го обнови аранжманот со Македонија и ММФ. Тоа мене ме радува.

Не гледам на тоа што сте од другата страна, на Македонија и треба аранжман со ММФ. Сега немаме аранжман со ММФ и тоа за Македонија е лошо во меѓународното рангирање, во привлекувањето на странски инвестиции освен за Тајван, за нив не важи ММФ како што не важи ништо во светот, но затоа не доаѓаат инвестиции. Ние имаме пад на Џи-Ди-Пи, пад на индустриско производство, пад на цените што е лошо, имаме дефлација, имаме најава за паѓање наплати, имаме пад на извозот, имаме раст на трговскиот дефицит, од податоците на Заводот за платен промет имаме намалување на добивка, намалување на инвестиции.

Сите наши показатели паѓаат, спрема тоа, ние можеме тука да ја претставуваме розова работата, показателите се неумоливи. Јас г. министер имам едно многу реторичко прашање.

Ви кажавте дека 80-те милиони дефицит во Фондот се резултат на не соодветни јавни набавки, на трупање на лекови, на прелевање на пари за 4 години 80.000.000. Јас вас јавно ве прашувам на што се должат 40-те милиони дефицит во здравството во вашите 6 месеци. Дали на истото, ако ваму се должеле на тоа?

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Ме прашува не е реплика. Ако има таква работа дефицит во фондот заради јавни набавки за 6 месеци, ќе дискутираме не е проблем. Немате податоци, нема таков дефицит. Ние зборуваме за веќе утврден дефицит по годишна сметка за 1998 година. Тоа е тема на дискусија. Вие бегате од тоа каде ви е најтешко.

Господине Поповски една работа не ги извртувајте ги работите. Ние водевме преговори, разговори со ММФ. Ако сакавме немаше да водиме разговори. Ние премногу водевме разговори за да останеме во ММФ, затоа што вие направивте многу грешки со ММФ. Го доведовте во прашање аранжманот со ММФ.

Втора работа ние не сакаме да разговараме со фондот како должник и доверител. Ќе разговараме како должник и доверител во втората фаза, кога ќе склучиме аранжман. Кога ќе склучиме аранжман, тогаш ќе имаме кредит, кога ќе имаме кредитен однос тој ќе биде доверител, а ние ќе бидеме должни. Во тие услови немате поданик, туку имате услови и мора да се повините на тие услови. Овде никој не поставува проблеми, меѓутоа, кога склучувате договор за кредит, тогаш разговарате. Немате диктат еве тоа ќе го направиме. Има договор, разговори и преговори. Воопшто не се експлоатира темата дека Македонија е против ММФ, Македонија не може, а многу земји се без ММФ аранжмани, па се добри. Но се работи за развиените земји.

Според тоа, ние сакаме да разговараме со аранжмани со ММФ, воопшто не го поставуваме прашањето дали ни треба или не ни треба ММФ. За тоа водиме долги разговори, затоа дојдовме во ситуација да правиме структурни реформи во најтешките моменти и не случајно вие кажувате ЕСАФ аранжманот. Вие г. Поповски знаете што е ЕСАФ аранжман. Убаво знаете. Сега, кога се склучува ЕСАФ аранжман? Кога вие ќе правите структурни реформи. Ако не правите структурни реформи нема ЕСАФ аранжман. За тоа е ЕСАФ аранжманот. Според тоа ние ги напуштивме реформите и дојде во прашање ЕСАФ аранжманот. Во оваа ситуација требаше да имаме пари заради косовската криза. Ние не го

напуштивме ЕСАФ аранжманот, ние со ФЕСАЛ веќе склучивме аранжман за структурните реформи. Прифативме јавно овде до крајот на годината некое од претпријатијата да ги продадеме, а оние кои нема да ги продадеме да ги ликвидираме. Не се плашиме од тоа да го кажеме, а тоа значи ЕСАФ аранжман. Нема друго за ЕСАФ аранжман, туку само структурни реформи односно конкретно во Македонија имаме 12 загубари или да ги продадеме или да ги ликвидираме ако сакаме ЕСАФ аранжман.

Според тоа, ние сме се обврзале, ќе го прифатиме меѓутоа, претходно се обврзавте, но не ликвидиравте ниедно претпријатие. Сега вие ни оставивте и во услови на косовската криза да ликвидираме 12 претпријатија. Дел од вашите пропусти ние ги надоместуваме во она што викате во интерес на Македонија, а не во интерес на Владата. Не го правиме заради Владата, туку го правиме заради Македонија. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. Илија Филиповски.

(Никола Поповски бара збор).

Господине Поповски веќе не се работи за реплики Вие почнавте да расправате и да се надмудрувате.

Ве молам репликата беше, кажавте, па да ја водиме работата кон крај.

Повелете г. Филиповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас се извинувам само една реплика и веќе нема јас лично, ако може министерот може и координаторот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Искористете ја функцијата на координатор.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Се разбира во рамноправна положба да дебатираат.

Прво, слушнавме дека ние сме ги пратиле многу претпријатија на барабан, тоа беше кажано од г. заменик министер, дека цената на овие реформи било одење во стечај, но сега многу не обвинувате дека нема стечај. Нашата Влада имаше ЕСАФ аранжман, вие го раскинавте, сега се враќате на ЕСАФ аранжманот. ЕСАФ аранжманот не подразбира дека е секогаш различен. Ако е различен ќе има друго име. ЕСАФ аранжманот за сите држави подразбира глобална рамка на ЕСАФ рамките во аранжманот што значи ние се радуваме како партија, но не иронично, искрено г. министер се радуваме дека Македонија се враќа на позицијата на ЕСАФ аранжманот. Меѓутоа, немојте да ја обвинувате претходната Влада дека склучила поданички ЕСАФ аранжман, а сега да ни најавите дека и вие ќе склучите.

ЕСАФ аранжман по мое уверување е добар за Македонија, затоа што нема друг излез. Не се работи за склучување на аранжман за наредните долгови кои ги предвидува аранжманот. Тој ги решава и досегашните односи. Сите знаеме дека Македонија ги наследи долговите на ММФ во проценти од стара Југославија и за да ги надмине склучува идни аранжмани. Значи односите се многу комплексни и ние во основа немаме различни ориентации што да правиме сега, само различно го толкуваме минатото г. министер.

Завршувам со фактот дека СДСМ еве два месеци и на ПРЕС -конференции и на оваа говорница и денеска инсистира нашата Влада да има ЕСАФ аранжман со ММФ, затоа што цениме дека е добар и затоа што тој е најнужното зло што мора да го прифатиме. Словенија нема ЕСАФ аранжман, затоа што редовно ги плаќа долговите и не и се потребни. Кога ние би ги отплаќале редовно не ни треба ЕСАФ аранжман, меѓутоа не можеме и затоа се радуваме за доброто на Македонија, како што кажавте, да го склучиме ЕСАФ аранжманот и верувајте дека искрено сакаме да се склучи ЕСАФ аранжманот на Република Македонија со ММФ, затоа што мислиме дека е добро.

Се разбира дека сме свесни дека тоа има цена за која ние плативме дел, веројатно и вие ќе платите дел, меѓутоа тоа е плаќање на цена во сегашноста за да добиеме нешто повисока цена во иднината. ЕСАФ аранжманот на некој начин и структурните реформи се инвестирање во иднината, најчесто како и во овој случај на товар на сегашноста.

Благодарам и веќе нема да го користам правото.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако оди вака ќе ве прекратам.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Јас мислам за ЕСАФ аранжманот не е прекинат, но дел од обврските не се извршени во 1998 година. Тоа е суштината на проблемот. Дел од обврските по ЕСАФ аранжманот не се извршени. Кои се обврските? Пробивање на буџетската потрошувачка, пробивање на некои видови на расходи во 1998 година и не извршување на структурните реформи. ЕСАФ-от е 12-те загубари во 1998 година што не се почна со нив, не почнавте Николче, да почневте ќе беше добро и за нас и за Македонија, но вие само ветивте, му ветивте на фондот, но не ја завршивте работата. Во тоа е проблемот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. Филиповски.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, драги колеги, немав намера да се јавам за дискусија, ме предизвика

министерот за финансии. Од дискусијата на министерот за финансии се добива впечаток дека постојат два буџета, еден буџет кој денеска го разгледуваме, а друг буџет кој го има министерот во џеб. Ако е така тогаш би било добро овој буџет да го тргнеме на страна и да го разгледуваме буџетот на министерот за финансии, но за тоа да ни даде материјал.

Читам од предлогот на завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 1998 година, во член 1 вели: приходи се извршување 42.655.242.000, а расходите се извршување 42.622.958.000. Постојна резерва 60.000.000 денари".

Во член 2 вели: "разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи во износ од 32.000.000 денари се пренесуваат како приход на Република Македонија за буџетот за 1999 година".

Спрема тоа, сето тоа што го зборуваше министерот за финансии воопшто не е влезено во предлогот на Завршната сметка за 1998 година и е без основа. Имаме пренесување на обврски од оваа година од 1998 година во 1999 година, меѓутоа, имаме истовремено пренесување на приходи од 1998 и 1999 година и ако треба да зборуваме, треба да зборуваме и за едното и за другото. Би молел министерот за финансии овде да се однесува како стручен министер за финансии, а не продавање на политика, така што тоа не е добро. Ако зборуваме за државен министер, а не партиски министер, тогаш би требало да се однесуваме државно во ова Собрание.

Второ, ќе се осврнам малку во поглед на дефицитите. Во приходите на Буџетот на Република Македонија за 1998 година, предвидено е задолжување во странство од 4.505.000.000 денари, а остварено е задолжување од 2.831.000.000 денари, односно 1.700.000.000 денари помалку е задолжувањето.

Имаме остварување на вишок на приходи во општините. Имаме остварување во фондот за здравство околу 2.600.000.000 денари помалку, значи имаме дефицит. Ако се пребијат, сега зборувам за вкупна јавна потрошувачка на државата. Доколку приходите по основ на буџетот за задолжување во странство се оствариле, во тој случај ќе имавме многу мал дефицит и во делот на вкупната јавна потрошувачка односно ќе се покриеше фондот за здравство.

Мислам дека е неопходно новата власт да преземе итни мерки за санација на фондот за здравство, како што претходно во изминатите години беше извршена санација на фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Мислам дека ние треба да се оттргнеме од прашањата на партиската припадност една или друга. Ние треба да одиме како да оствариме подобар живот за населението.

Министерот за финансии изјави дека за овој период еве ќе истечат 6 месеци имаме зголемување на приходите за 5%. Ве молам, ако има такво зголемување потребно е да се предложи Закон за намалување на зафаќањата од стопанството. Ако тоа вие не го предложите, јас ќе предложам на пратеничката група на СДСМ ние да предложиме закон за да се намалат зафаќањата и да го растовариме стопанството.

Мислам дека во основа буџетот треба да го поддржиме.

Второ, за дубиозите за кои се зборуваше за кредити кои се давани на одредени претпријатија, јас имам одредени информации, нема да ги наведам претпријатијата, тие кредити се давани кон крајот на минатата година во претпријатијата кои се загубари сега управни одбори и целокупната структура е на новата власт, спрема тоа имам информации дека новата власт вели вие трошете ги тие пари и давајте плати. Ако е така, тогаш сите ние работиме на штета на Македонија. Тоа не би требало да се случува. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави г. Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа.

Откако влеговме во овој Парламент на површина излезе едно клучно прашање за кое навистина, ние како нова власт во Република Македонија, треба да одговориме. Ние, предноста на оваа точка ја имаме, а тоа е Завршната сметка на буџетот за 1998 година. Тоа значи дека ресорното министерство кога ја преземала позицијата тие што биле претходно требале да дадат отчет за целокупната работа, а преку оваа манипулација што сега се прави со донесувањето на завршната сметка се гледаат ефектите од буџетот за 1998 година.

Според тоа, ние добро знаеме како се полни буџетот во секоја држава, од каде се полни тој буџет и некој од говорниците, а посебно од СДСМ го спомнаа Битола, го спомнаа "Фринко", но само како едно мало навраќање во минатото да им укажам дека тој гигант "Фринко", кој беше наменет не само за производство на фрижидери, туку имаше и леарница, беше наменета за леење на разни делови за воената индустрија, денеска од него не остана ништо во Битола. Знаете зошто не остана? Не остана затоа што голем дел од фрижидерите кои се произведуваа се носеа на шлепери без да се плаќа данок на државата, се носеа во Албанија кога се отворија границите и тоа во времето на владеењето на СДСМ во овие 7 години. И не само со "Фринко", туку со сите други претпријатија истото се случуваше, не знам за Скопје, за "Лозар",

“Охис", “Пивара“ и не знам кои други претпријатија во оваа држава.

Ние како Влада денес како позиција доколку сакаме да нема вакви дискусии, навистина треба до крај преку сите служби во оваа држава сосема исправно и сосема коректно во согласност со законот, во согласност со правната држава да ги извадиме на виделина сите тие луѓе, кои не основано, прелеаја средства од државата, се збогатија преку ноќ, но за жал, уште седат во овие клупи или на други места, утре ќе прават митинзи во Скопје.

Додека тоа не го направиме, во Македонија не се расчисти таквата работа, не се изнесат јавно на телевизија секоја вечер до половина кои се тие луѓе и каков криминал направиле во оваа држава за 8 години, верувајте ние нема да имаме конструктивна дискусија во овој Парламент ниту за буџетот, ниту за сивата економија што ја правевте со радијаторите од Италија, иако имаме фабрика во Македонија единствена за леење на радијатори, а знаеме како се прелеваат средства и од други помошни фондации, се додека ние како позиција не ги расчистиме тие односи и на отчет не ги ставиме овие претходни, сосема релевантно со сите постоечки закони во оваа држава и Кривичниот закон и со органите на прогон, ние нема да одиме напред, туку едноставно ќе го легализираме сето она што досега е направено како пакост и најголемо зло во нашата држава.

Инаку, за сите други предавања, за сите други спорови што ги водите, може да се води спор овде околу буџетот. Каде, што, каква концепција да направиме за здравството, има некои наследени работи од минатото.

И, во нашата свест дури има наследени работи, кои тешко можеме да ги менуваме од поранешниот систем. Но, ви укажувам дека додека не направиме радикални промени, додека кога седнува друг на власта не даде отчет претходниот и не ги видиме кои манипулации се направени и врз основа на тоа да добиеме кредибилитет кај народот за владеењето во наредните четири години, јас мислам дека и ние ќе немаме доволно успех, па ниту оние кои ќе дојдат после нас. Затоа, ќе имаме вакви жолчни дискусии. Јас можеби малку излегов од темата, но бев предизвикан, заради тоа што еден “ФРИНКО“, кој е единствена фабрика ако земете на Балканот, за производство на фрижидери и друга опрема, денеска е потполно уништен и нас овде сега ни кажуваат разни приказни дека “ФРИНКО“ требало да појде Ламбе Арнаудов и т.н. На умрен човек душа не се враќа. На умрен човек можеш само да поплачеш и да редиш некои реминисценции. Но, верувајте ние практично треба во оваа држава да работиме и секој да одговара за дадените обврски и за сето она што го направил. Инаку, нема напред, нема чекор напред. Ако ние сега дојдовме на позиција, да го направиме вие тоа што го правевте седум години, каде ќе му дојде крајот на овој македонски народ?

Ајде да ве прашам, во кого ќе најде излез и во кого ќе најде спас? Ако тие пратеници не чинеа, не чиниме и ние, која е алтернативата за оваа држава. Ние сме мала држава, ние сме мал народ, плус тоа знаете какви се околностите во кои живееме. Никаков буџет не може да не спаси ако стопанството не функционира и не работи. Целото земјоделие е пропаднато, индустријата е пропадната. Во Битола можам да ви набројам на прсти колку фабрики работат и тоа работата знаете како, работат млитаво, работат на работ, не работат со продуктивност и т.н. На прсти се бројат. И, ние, не можеме да очекуваме ни било каков развоен буџет и да очекуваме било какви структурни реформи со сопствени средства од нашата држава, па да можеме да направиме некои системски мерки во Фондот за здравство, во Фондот за пензиско и т.н. Мораме повторно да се свртиме кон стопанството и да видиме што можеме да лекуваме и на крајот на краиштата сите тие луѓе во овој период што СДСМ го нарече транзиција, а 50 години ние имавме една транзиција голема и ни ветуваа дека за 50 години социјализам, ќе дојдеме во наредниот степен комунизам, сега ни наметнаа друга транзиција, за да се збогатат и дојдовме до овој степен до кој што дојдовме.

Затоа, г-дине министер Стојменов и во вашето Министерство со вашите служби и со другите служби на Владата, ве молам како сакате наречете бела книга, црна книга, но сите тие луѓе што направиле пакост во оваа држава што переле пари, што не платиле данок, што купуваа куќи и тоа ги знаеме купуваа куќи во кеш пари вработени во МВР, не платија ни пет денари данок за државата. Дајте извадете ги да ги видиме кои се тие еднаш за секогаш и да знаеме што да правиме понатаму ние како позиција.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави Никола Поповски.

Процедурата се однесува ка работа во Собрание, а не кој што кажал.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Дозволете овој пат не во мое име, туку како координатор на пратеничката група да кажам дека претходната дискусија процедурално го наруши текот на работата на Собранието.

Еден пратеник на власта повика јавно без аргументација, се разбира, власта односно Владата и г-динот министер Стојменов се ставаат во функција, како и самиот што се стави во функција на полицаец, во функција на обвинител, и во функција на судија и на крајот во функција на егзекутор, кој треба да ги стави сите на телевизија, како што кажа на слики до половина и со тоа еднаш да расчисти во Македонија.

Со оглед на тоа дека тоа не е во рамките на надлежноста на пратениците и се разбира дека го сфаќам како координатор само без излез од

аргументите со кои се соочи пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и сега применува методи на истегнување на темата и насочување на темата кон наводни проблеми. Во таа смисла процедурално протестирам, заради нарушувањето на угледот на Собранието и го повикува г-динот Котески и координаторот на групата, доколку зборуваше во име на ВМРО-ДПМНЕ да не се ставаат во функција на судии, обвинители, полицајци, егзекутори и евентуално чувари на затвори, туку да си ја работат сопствената работа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед дека повеќе никој не се јави за дискусија...

Повелете г-дине Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Господине Поповски, искрено да ви кажам дека во тебе верувам не спаѓаш во таа категорија на луѓе, но јас зборував за правната држава. А, правната држава, ако не на друг, на кого, освен на овие луѓе кои седат во овој Парламент во ова свето здание, им главна задача и обврска. Јас зборувам за правна држава, врз основа на показатели, врз основа на факти, врз основа на вистини, врз основа на документација и врз основа на било што, еве релевантно во оваа држава, ќе се докажат тие работи и има да се докажат. Тогаш, ќе си постапат органите на власта така како што треба.

Нашата грижа не е само грижа да седиме во овие пратенички клупи да земаме плата и да дојдеме во 13,00 часот, бидејќи сме од Скопје, се наспавме и во 13,00 часот дојдовме. Наша грижа е да водиме сметка за сите позиции во оваа држава и секој добронамерен предлог е добар предлог. Јас зборувам за тие што се окалени, за тие што се окривавени, не зборувам за оние чесните како тебе во кои можеби спаѓаш и за кои сметам за еден од чесните. Дали сум јасен?

Ова што го зборувам, го зборувам и за мене и за моите припадници во мојата партија. Секој што се огрешил во оваа држава мора да одговара. Тоа е клучното прашање. Ние тоа ако не го направиме во нашата држава, тогаш организираниот криминал и сите други дејствија кои се прават ние нема да очекуваме ниту правна држава, ниту полнење на буџет, ќе имаме силна економија, ќе имаме се сиво и ние ќе осивиме. Во тоа беше мојот говор, во никој друг случај. Благодарам и се извинувам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави министерот за финансии Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Сигурно, Министерството за финансии ќе работи по закони и сигурно пред Министерството за финансии се сите исти за мене. Меѓутоа, ние бидејќи предложивме и денеска имаме закон за пари, па сега имаме и многу дискусии, па и обвинувања, јас мислам дека треба од некаде да се почне, но законски треба да се почне од некаде. Со оглед на тоа што ние кажавме пред изборието дека, секој кој се огрешил пред државата или кој стекнал незаконски имот во таа држава или има индиции дека стекнал незаконит имот во државата, не плаќал даноци и придонеси, бидејќи ние во Собранието имаме анкетна комисија, а таа е одговорна барем кај функционерите тоа да го прави, а не кај другите, јас мислам дека е редно да почне прво од министерот за финансии.

Затоа, јас ја повикувам анкетната комисија да почне да го испита моето богатство до стапување на сила како министер за финансии и после да се поведе на сила до денеска. Најдобро е да провериме кој спроведува закон да биде најчист. Да провериме дали сум јас воопшто чист, па затоа претседателе, ја повикувам Комисијата тоа да го направи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави Љубен Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Бидејќи беше спомната пратеничката група, не се јавувам за дискусија, работите отидоа во некои дискусии што не е соодветно на точката по дневен ред, но добро, тоа не е спорно.

Станува збор за давање на отчет на оваа Влада за она што го правела и начинот на кој работела во рамките на Буџетот претходната Влада. Тоа е целта на сето ова, а сега нормално има различни видувања, претставниците од претходната влада чувствуваат потреба некои работи да објаснат или да ги оправдаат. Од друга страна се соопштува дека има некои несоодветни аргументи за сето тоа, меѓутоа станува збор за отчет на сегашнава Влада, за работата, постапките и користењето на буџетот на претходната Влада.

Втората работа околу прашањето како беше ако добро слушнав за егзекуции и т.н., факт е дека никој нема право на тоа, меѓутоа оваа говорница се користи за многу тешки размислувања, па и по содржина обвинувања по разен карактер, така што ова што г-динот Ѓорѓи Котевски го оговореше во име на пратеничката група би било следното.

Се она што има аргументи и можат да се пронајдат аргументи и кои можат да се постават наспроти законот и законските регулативи и со нив да комуницираат и да се објаснуваат и врз основа на тоа да добијат легалност во работата или санкции, тоа пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ го поддржува. И, сега, бидејќи велам ова е отчет на сегашнава Влада за постапката на минатата Влада за начинот на работењето доколку во сето тоа има, јас не сум ниту надлежен ниту компетентен тоа нека си работат органите кои се надлежни за тоа. Доколку има такви аргументи тие ќе се соочат со инструментите на законската регулатива и врз основа на тоа се има постапки и т.н. Нормално, тоа се и за секоја друга Влада. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас би сакал да дадам реплика повторно во пратеничката група на г-динот Ѓорѓи Котески.

Инаку, г-дине Пауновски ние по вашето прашање кога веќе ме прозвавте, кажавме дека ова е уставна ситуација во која Собранието членот 60 и не знам кој односно членот 68 усвојува завршна сметка на Буџетот на РМ, а не на Буџетот на Владата на СДСМ или на ВМРО-ДПМНЕ.

Што значи дека ние денеска усвојување и јас не инсистирам и мислам дека не треба да се инсистира на тоа дека буџетите се на некоја Влада, тоа имплицира дека овој Буџет е на вашата Влада. Ова се буџети на РМ и тие имаат сила на законот и завршната сметка има сила на закон и се усвојува на предлог на Владата, Собранието на Република Македонија. Инаку, ако ги третираме тие така големи проблеми ќе настанат, а сепак ова е Собрание.

Јас би сакал г-дине Котевски во една по релаксирана атмосфера, разбирам дека расправата за економската состојба добива и карактеристики на жолчност, меѓутоа, се извинувам што ќе ви се обратам, со оглед дека вие два пати се обративте и на мене лично и на пратеничката група на СДСМ. За пратеничката група на СДСМ не се доволни аргументите, ниту судовите, мислам на мисловни судови, на еден пратеник за тоа дали е направено претстапка по некои закони и дали се злоупотребуван соодветни закони.

Само сакам на она што и вие инсистирате правна држава да донесеме закони, кои се донесени врз основа на кои други органи ќе ги оценуваат тие. Се знае кои се тие, во прогонот, во обвинителството, во судството, во жалбената постапка и извршувањето. Затоа, иако малку нервозно и вие, мислам така по нервозно, не нервозно, се извинувам, по возбудено настапивте, сепак, соодветниот дом каде што такви работи се изнесуваат не е добар и особено не е добар ако еден пратеник од позицијата се закани на пратеничката група и при тоа, на пример ме издвои мене, исто како што не ги земаме за соодветни вашите судови за тоа дали СДСМ направи тоа или не, не ги земам ни за мене вашите судови релевантни. Зашто, ако прифатам дека вашиот суд, г-дине Поповски јас не ве сметам во тие, го прифатам, тогаш го преземате правото некогаш да ми кажете дека и вие сте таков, ако прифатам дека сега имате право.

Сакам да укажам, г-да пратеници, г-дине потпретседателе, дека Собранието на Македонија не е место, па макар и под затегната атмосфера по расправа за еден буџет за кој, не знам, во главните расправи се изнесуваат мислења дека надвор од надлежностите на Собранието власта треба некого да стави тука на телевизија и да им се каже местото за арамиите, сега не можам зборовите да ги цитирам, меѓутоа, беа во секој случај г-дине Котески доста погрдни.

Она на што ние инсистираме е дека мора да има процедура. За што, верувајте, еднаш ако се наруши таа процедура вие да одредувате кој од нас бил, а кој не бил согласно со законите во своето однесување. Тогаш го запазувате правото и во наредните денови, години, на вашето владеење тоа право да го остварувате, а тоа верувајте е пострашно дури и од она за кое и вие и ние 1990 година излеговме на избори.

Тоа е нешто страшно што може да се случи да почнеме ние така меѓу себе да ги судиме работите. Еве го г-динот тука од Републичкиот судски совет си има посебни надлежности, посебни власти и ве молам да не дозволиме Собранието да се претвори во институција, која ни во вашата политичка програма и во вашата ориентација, верувам и кај г -динот Ѓорѓи Котевски и во сопственото размислување не е така, меѓутоа се изнесува. А, знаете, јавно изговорен збор од пратеник, звучи многу тешко и сериозно кога еден пратеник од владеачката коалиција или партија да речам ќе се закани на таков начин.

Прво, нема надлежност.

Второ, не е местото.

Трето, не е добро.

Затоа, ве повикувам не да одиме во дебати за оваа работа, меѓутоа, да се држиме во рамките на законот дека никој не е крив, додека судот со правосилно решение не пресуди дека е виновен, а дотогаш да повикуваме на Парламентот на линчови и на покажувања на телевизиски екрани, тоа звучи малку анахроно.

И, ова, г-дине потпретседател го зборувам како координатор, на што Деловникот ми дава право да заштитам одделни пратеници или вака во група сите 27, па дури и пошироко беше спомнато од овој Парламент, нападнати за дела за кои никој ништо нема докажано. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дин Љубен Пауновски има збор.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Колеги пратеници, мислам дека тоа е јасно, се согласивме за начинот на кој се водат тие разрешници на било каква ситуација, која се цени дека има доволно аргументи за било каква судска постапка. Тоа е јасно.

Меѓутоа, не се согласувам со тоа дека категоризирањето на ова прашање околу Буџетот треба да остане исклучиво на таа вистина, дека Буџетот и припаѓа на РМ. Значи, на граѓаните на РМ или на државата.

До тоа ниво е се во ред, и тоа е вистина. Меѓутоа, ако мислите дека треба да се елиминира оној што раководи што работи со Буџетот, тогаш станува збор за некаква фатаморгана, станува збор за ние од оваа говорница пред јавноста сакаме да покажеме дека одговорноста не треба никој да ја сноси. Јас ова го говорам не заради

одговорноста што ја имала претходната Влада, значи, таа мора да ја понесе. Наједноставно народски кажано, како се трошеле тие пари. Ова го зборувам затоа што не сакам сега оваа Влада, на оваа владина коалиција на која како пратеник и припаѓам, исто така уште во стартот да биде амнестирана дека е тоа буџет на државата и на народот и дека не е одговорна како ќе ги троши тие пари. Со таа забуна што се наметнува пред јавноста јас не се согласувам, пред се велам, во интерес на она што одговорноста што следува во рамките на оваа владина коалиција.

А, за останатото, доколку има аргументи кои ќе треба да се соочат со законот за било кој поединец во минатиот мандат или за било кој што ќе биде сега во овој мандат во рамките на оваа коалициона Влада, апсолутно се согласувам дека треба да се соочи со таа законска регулатива.

**ДРАГАН ДАНИЛОВСКИ:**

Немав намера да се јавам, меѓутоа испровоциран бев од еден податок изнесен од еден пратеник, кој што изнесе зголемен број децибели, податок кој не е точен дека 40 милиони марки Фондот за здравствено осигурување е додатно во минус отиден во последните 6 месеци. Уште повеќе на некој начин ме испровоцира повеќе и тоа што тој податок беше изнесен со зголемен број децибели.

Во интерес на вистината, вистинските податоци се следните, најодговорно тврдам.

Во првите три месеци минусот од 110 милиони германски марки е намален за 3.437.500 германски марки, ако ја сметаме марката 32 денари. Скромно, но сепак не е зголемување и продлабочување на минусот.

Меѓутоа, во април и мај месец годинава приходот врз основа на намалени придонеси за здравствено осигурување, заради познатите состојби тој приход е намален за 120 милиони денари односно 3.750.000 германски марки.

Во мај месец заради зголемените трошоци за здравствената заштита на бегалците трошоците се зголемени за уште 100 милиони денари, односно за уште 3.125.000 германски марки.

Вкупно тоа изнесува 6.875.000 марки, што е навистина далеку од сумата од 40 милиони.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Да го искористам моето деловничко право на реплика.

Сега чувме со многу намален број на децибели дека дефицитите за првите три месеци биле од 110 намалени за 3, меѓутоа оваа завршна сметка покажува дека 1998 година завршува со 80 милиони дефицит, што значи до 110 очигледно се направени 30 милиони во првите три месеци дефицит. Тоа јас што го зборував за системот на здравственото финансирање е точно.

Исто така, да кажам дека наспротив намалениот број на децибели на овие дефицити јас податокот го соопштив од интервјуто на г-динот Љубчо Георгиевски после 100-те дена од Владата, што од прилика му доаѓа од три ипол до четири месеци, кој кажа дека за првите 100 дена дефицитот е зголемен на 120 милиони во здравството. Тоа не е моја изјава, тоа е изјава на г-динот Љубчо Георгиевски во својство на премиер на Владата. 120 со 110 од прилика коинцидира, што значи дека е вистина дека се зголемуваат дефицитите во Фондот за здравство.

Тоа јас не го користам г-дине министер, за да некого нападнам, туку да укажам на проблемот со кој, повторува, треба да се соочиме, а не проблемот од кој треба да бегаме.

**ДРАГАН ДАНИЛОВСКИ:**

А што мислите, зошто се таквите зголемувања на дефицитот, иако не се 40 милиони, туку се над 6 милиони. Ајде да се прашаме сите заедно зошто на тендерите за лекови и на други санитетски материјали распишани 1997 година не се определени во Фондот за здравствено осигурување горни граници на цените, како што тоа се прави во западните земји, врз основа на референтна најниска цена, туку се плаќаат цени и се уште тие тендери за жал се на снага, ние сме на пат да распишеме нови и можеби некои други системски мерки да направиме за да се затнат тие дупки.

Значи, се прашувам зошто тогашните раководители, директори на Фондот за здравствено осигурување им одговарало да прифаќаат повисоки цени.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас ќе се обидам да одговорам на прашањето на г-динот министер, иако очекував со оглед на тоа дека долго години и во нашата влада вршеше функција потсекретар на Министерството за здравство, дека ќе треба ние како пратеници да поставиме прашања на кои он ќе одговори, а не он да ни поставува прашања на кои ние ќе одговараме.

Г-дине министер, денеска има еден оглас во новини, еве го пред нас со кој вработувате многу средно стручен кадар. На пример, јас како член на Управниот одбор на Клинички центар сум соочен со податокот кажан дека, Клиничкиот центар дневно ствара 7 милиони дефицит. Јас сега наполно сум свесен дека ќе се обидеме да ги поставиме проблемите вака. Додека владееше СДСМ, каде што вие бевте потсекретар во здравство крив беше СДСМ. Сега кога сте министер за здравство, во идните 4 години повторно ќе биде крив СДСМ.

И на крај, кога и во здравството проблемите нема да се решат повторно ќе биде крив СДСМ. Јас наполно ја разбирам позицијата, од која наместо да се најдат решенија се нуди кривец.

**ДРАГАН ДАНИЛОВСКИ:**

Прво, г-дине Поповски, јас сум потсекретар во оваа Влада од 7 јануари 1999 година. Не знам зошто Ви е потребна таквата конфагулација што ја изнесувате, веројатно заради маркетинг пред телевизискиот аудиториум. Инаку сите што ме познаваат знаат дека јас сум назначен за потсекретар во оваа Влада, а последните две недели сум само министер.

Второ, што се однесува до распишани конкурси за вработување на средношколски, високошколски кадар јас најодговорно тврдам дека согласност на такви вработувања, односно за распишувања на такви конкурси не сум дал, односно не сум потпишал и исто така најодговорно пред цела јавност тврдам дека тој директор, или раководител, или здравствена институција која што такво нешто направила ќе одговара, односно тие конкурси ќе бидат претходно сторнирани.

**МАРИЈА ЈОРДАНОВСКА:**

Бидејќи станува збор за Фондот за здравствено осигурување и сум повеќе упатена, мислам дека треба реално да ги гледаме состојбите во здравството од аспект што приливот на средства во Фондот за здравство токму во овој период не само што е намален заради неликвидноста на фирмите доведени во состојба на стечај, или во состојба на неликвидност, каква што се наоѓаат, а во исто време Фондот за здравствено осигурување излегувајќи во пресрет на нашите граѓани, кои што немаа можност да користат здравствено осигурување, еве јас имам конкретен пример за ф-ката Порцеланка од Велес, каде што станува збор за 1800 вработени им се дадени плави картони, за да можат да користат здравствено осигурување што е во интерес на нашите граѓани, можеби на штета на фондот, меѓутоа, сите тие состојби треба објективно да ги гледаме и не може да правиме политички маркетинг од една таква установа, хуманитарна каква што е здравството.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед на тоа што за дискусија никој друг не се јавува, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на завршната сметка.

Се јавувате отпосле.

Збор побара г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас потврдувам дека овде улогите се измешани кој пред кого одговара. Ќе испадне ние пратениците да одговараме пред министрите во Владата. Еве го денешниот дневник во кој, сега ги избројав 101 работно место се распишани во ЈЗО - Клинички центар - Скопје за прием најчесто на неопределено работно време. Сега на кого ние му кажуваме тука.

**ДРАГАН ДАНИЛОВСКИ:**

Ве молам, г-дине Поповски мислам дека бев сосема јасен и прецизен.

Реков, јас не сум го видел конкурсот во јавните гласила ако е тоа навистина така, а очигледно е така, со оглед на тоа што јас не сум дал таква согласност односно стручниот колегиум при Министерството, тие конкурси ќе бидат стонирани и ќе се повлече одговорност кој што ќе се утврди дека ја сноси.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Само еден краток коментар.

Дискусијата започна не од страна на пратениците на опозицијата, туку ја започнаа пратениците кои што припаѓаат на парламентарното мнозинство, почнувајќи да објаснуваат дека сите проблеми со кои што се соочуваме, сите проблеми со кои ќе се соочуваме се резултат на дубиози, кражби и не знам уште што не, меѓу другото и на Фондот за здравство.

Меѓутоа, интересно е како пратеник на една иста партија, или пратеници на иста партија објаснуваат иста работа на два различни начина. Затоа чувме дека дефицитот во Фондот за здравство до претходната година бил резултат исклучиво на кражби, лошо набавувани лекови и т.н. и т.н., во секој случај пречекорувања и злоупотреба на овластувањата.

Денеска слушаме дека овие 6 месеци сите новосоздадени дефицити во Фондот за здравство не се резултат на вакви појави, туку се резултат исклучиво на добрата волја на Владата да им помогне дури и на оние работници кои што не остварувале приход, или чии што фабрики и претпријатија не можат да утврдат во Фондот за здравствено осигурување.

Ве молам, да се одлучите кој е во право. Ако ова образложение важи, сега зошто тоа не важело во претходните години. Заради тоа што, доколку се точни бројките кои што ги изнесе премиерот на Република Македонија, а претпоставувам дека никој од пратениците нема да каже дека тие не се точни, на крајот се сведува дека во 6 години владеење на СДСМ се создале 80 милиони германски марки дефицит. За 6 месеци владеење на ВМРО-ДПМНЕ, ДА и ДПА се создале дополнителни 40.

Ве молам да ни објасните дали е тоа точно, или едноставно важат различни правила за 6-те години и 6-те месеци.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реагирате гласно. Се работи за пратеничко прашање, денеска не е седница, а Шеќеринска ако сакаше да праша зошто е

ваков став, СДСМ никаде не кажа дека е последица на добра волја, загубата...

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Ние зборуваме за 1998 година најегзактни податоци, податоци кои ги имаме. Ако навистина е интерес да се види колку е дефицит на Фондот за 1999 година, ние треба да Ви доставиме информација. Во таа информација ќе се види каква е состојбата.

Јас сум подготвен да дадам информација, а сега дискутираме без податоци.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Само процедурално. Г-ине потпретседател, сакам да укажам дека дискусијата по оваа точка дојде до таа фаза, да претседавачот на Собранието веќе предложи заклучок. Беше предложен заклучок по кој предлог побара збор г-динот Никола Поповски и се разви оваа бурна дискусија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас приговорот го прифаќам, затоа што Никола се јави после моето излагање, а потоа се јавија и други.

Од сега, од моментот кога ќе се објави дека нема други за дискусија тоа ќе остане на снага.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, отворам претрес по текстот на предлогот на завршната сметка.

Комисијата за финансирање и буџет, поднесе амандмани на насловот и на член 3, по кој, не се признава.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманите се прифаќаат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 3, со кој се согласи претставникот на Владата и тој е составен дел.

Отворам претрес по амандманите, бидејќи се согласи Владата и се составен дел на текстот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманите и амандманите ги ставам на гласање.

(Нема потреба од гласање).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на завршната сметка и завршната сметка ја ставам на гласање.

Ве молам, да гласање во рок од 10 секунди.

Гласале 75 пратеника од кои 73 “за", еден воздржан и еден "против".

Констатирам дека Собранието ја донесе завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 1998 година.

Минуваме на точката 7 - Предлог на одлука за основање на Национална комисија...

Ова сакам да го ставиме како последна точка на дневен ред, а сега да работиме по другите точки.

Ова е потребно заради тоа што имаме неколку амандмани за кои Комисијата не се произнела.

Комисиите треба да се произнесат и затоа реков да биде последна точка на дневен ред.

Минуваме на точката 7 - Предлог на одлука за основање на Национална комисија за борба против недозволена трговија со опојни дроги и нивна злоупотреба во Република Македонија.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлог на одлуката.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандман на член 3 и на член 4.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на членовите 1, 2, 3, 4, член 3 став 1, член 4 и за додавање на нов став по став 1.

Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандман на член 4 став 2, за кој предлагачите не се произнеле.

Предлагачите на Предлогот на одлуката поднесоа амандмани на член 2 став 1, член 2 за дополнување со нов став 4 и на член 4 став 1 и тие се составен дел на текстот на Предлог на одлуката.

Молам, кој бара збор?

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Во име на Комисијата за внатрешна политика и одбрана, мислам дека текстот сите го имате пред Вас.

Само двата амандмана да ги образложам, онака како што Комисијата предложи.

Амандманот 1 во членот 3 по зборот "област", зборот "заради" се заменува со зборовите “кои ќе придонесат за“. А пред зборот јакнење зборот “за“, се заменува со зборот “заради“. Образложение, амандманот се предлага заради подобрување и допрецизирање на одредбата на членот 3 на оваа Предлог одлука.

И уште еден амандман од оваа иста Комисија. Во членот 4 зборовите "до 30 јуни 1999" се заменуваат со зборовите "45 дена од денот на нејзино основање". Значи денеска ако се изгласа, во рок

од 45 дена. Образложение, амандманот се предлага поради што предвидениот рок најдоцна до 30 јуни 1999 година Националната комисија да изготви и до Собранието на РМ да поднесе програма за активности и мерки со кои ќе придонесе во откривање и спречувањето на злоупотребата на дрогата, како и средства за реализирање на истата. Рокот е прекраток. Се цени дека овој рок потребно е да се продолжи, односно ваквата програма да се донесе најдоцна 45 дена од денот на основањето на Националната комисија.

Комисијата му предлага на Собранието да ја разгледа и донесе одлуката за основање на Национална комисија за борба против недозволената трговија со опојни дроги и нивна злоупотреба во Република Македонија.

Предлагаме амандманите од Комисијата да станат составен дел на текстот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине потпретседател, почитувани колеги, сепак јас сугерирам сугестијата на потпретседателот да ја прифатиме, бидејќи сум еден од предлагачите на оваа одлука и мислам дека е елементарен ред барем да се состанеме предлагачите и да ги ѕирнеме амандманите. Не смета ништо ако биде последна точка.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас овој предлог од чисто практична страна го поставив, затоа што предлагачи се повеќе, ако некој не ги видел од нив и не добив одобрение и затоа продолжив.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, сакам до крај да го подржам предлогот за формирање на една ваква Национална комисија за борба против дрогата, со едно укажување дека можеби по втор или трет пат се прави ова, значи се правело и во претходните мандати и со едно укажување дека сериозноста на проблемот укажува на еден пристап дека треба да биде попрагматично, а не само вака на некој начин како памфлет да го пуштиме пред народот и пред јавноста формирање на разни комисии, или по она Черчиловото кога не сакате нешто да се заврши, формирајте комисија.

Јас до крај ќе го подржам предлогот со едно укажување дека имам битна информација дека, сепак треба не само да се прави комисија на хартија која ќе прави програми и која ќе ја доставува до Парламентот и т.н. Тука битни се веќе постоечките структури кои ги водат овие борби против недозволената трговија, поготово во сегментот со дрогата. Ако ние даваме само вакви предлози за формирање на комисии, а во меѓувреме се води една катастрофална да речам политика во тој сегмент, навистина нема никаков успех да имаме. Напротив овие проблеми би се продлабочувале. Сакам да укажам директно на проблемот и за што станав да укажам, а тоа е во клучни одделенија во државната управа кои се формирани за борба против дрогата, за шефови за жал во последно време се редат регистрирани наркомани.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот пратеник Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Јас мислам дека завршивме со дискусијата, меѓутоа ме испровоцира последната дискусија и затоа излегов јавно да искажам дека не се сложувам со она што го искажа претходниот пратеник, од една проста причина што прво, претпоставувам дека никој од нас не би бил против тоа дека ваква комисија треба да се формира. Меѓутоа да се сведува целата оваа акција, целата оваа иницијатива дека станува збор само за понатамошно бирократизирање, не се сложувам, од проста причина што веќе во Македонија постои една широка акција која ја спроведуваат повеќе сегменти од извршната власт. Јас само би сакал да споменам дека Министерството за млади и спорт почна една голема кампања, која што се нарекува "дрога, не благодарам", која што има веќе свои манифестации, свој план за кој што план ако се интересирате можеме да зборуваме по детално, а не би рекол дека е не ефикасен. И во рамките на она што како можност го има тоа Министерство, мислам дека се и повеќе од ефикасни, затоа што пред се му се обраќаат на младиот човек во државата и се обидуваат да го натераат да се откаже од дрогата.

Понатаму, исто така сакам да кажам дека не би требало и не е баш добар тренд од оваа говорница да ги минимизираме и акциите на Министерството за внатрешни работи. Знаеме дека во последните неколку месеци тие открија голем број, односно имаа голем број на случаи на откривање на дрога и запленување на истата. Меѓутоа она што можам да го кажам денеска, а што мислам дека треба сите ние да го подржиме, е дека треба да се залагаме за едно по ефикасно спротивставување на сите извршни органи на ова зло, односно една акција која што ќе ја водат тие конзистентно и нормално ќе обрнат внимание и на тоа што се случува во нивните редови, односно внатре во МВР и дали има случаи кога намерно не се запленува дрога и комуникација со тие што ја делат. Она што ние треба тука да го направиме, она со што се сложувам јас е дека треба да ја подржиме оваа Комисија.

Меѓутоа, морам да признам дека малку ми се нејасни ингеренциите кои што ќе ги има таа, бидејќи ингеренции за борба против ова зло има најмногу извршна власт. Но, ако станува збор за некакво проширување на фронт, ако се сложиме со тоа дека секој збор искажан и од оваа говорница значи едно спротивставување на она што ние го имаме како тенденција во оваа држава, тогаш навистина треба да ја формираме оваа комисија, треба да го прошириме фронтот за борба против дрога. Значи ќе се прошири фронтот, а едноставно ќе се вклучи уште еден релевантен фактор и Ви се чини дека тоа ќе даде

резултат, а тоа е она што сите ние го очекуваме- Затоа што македонската младина деновиве и минатите години наназад го запознава пеколот како свој рај, токму поради овој проблем кој што го имаме во државата.

**ЉУБЕН ПАУНОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас станав со цел да го подржам предлогот на г-динот Тито Петковски, бидејќи од тука тргнавме и се согласивме да ја ставиме оваа точка на дневен ред на крајот.

Меѓутоа, пратеник на истата пратеничка група на СДСМ отвори материјална расправа. Јас не знам, прво меѓу себе треба да се почитувате, бидејќи предлогот беше прифатен дека е конструктивен. Меѓутоа, сега се отвори материјална расправа. И ако е така, немав намера да зборувам, меѓутоа само неколку реченици, бидејќи е пак не соодветно со претходната точка од дневниот ред, каде што Вие говоревте дека треба да се внимава да не се жигосуваат, или да не се анатемисуваат личности без аргументи. Сега што беше споменато овде? Дека на клучни позиции во рамките на дејствувањето против дрогата, тоа значи подразбира во Министерството за внатрешни работи, па се до не знам какви високи политички и државни функции, поставени се луѓе кои се наркомани, дали само тоа го споменавте, или дилери со дрога.

Јас лично во име на пратеничката група, барам од Вас да ги кажете имињата и презимињата на тие луѓе. Јас разбирам дека утре Вие имате митинг, меѓутоа да правите вакви забуни за такви клучни позиции, повелете кажете ги имињата и презимињата тука и ако е тоа така и мене ми е потребно и ова го барам во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е едната работа.

Втората работа, овде има јасни посочувања од сите комисии на Парламентот, дека во принцип и дефинитивно даваат категорична поддршка на формирање на една ваква комисија. Нејзините надлежности се јасно определени. Ова е законодавен дом кој треба да предлага, да даде свои иницијативи па и некои законски регулативи, да олесни некои конкретни зафати, што после таа владина комисија за оваа работа оперативно ќе ги спроведува и многу други тела кои се занимаваат стручно со сета оваа работа.

Инаку Вие добро знаете, дека анализите од 1990 до 1998 година покажуваат дека ако во 1990 година сме имале 100 регистрирани зависници од дрога, значи корисници, во 1998 година имавме 3 илјади, или ако биле 300, сега се 3 илјади. Немојте така лесно да посочувате, да фрлате пред јавноста дека состојбата е катастрофална. Ако е таква, се согласуваме дека не е добро, но тогаш барем кажете дека од 1990 до 1998 година имаме така катастрофално зголемување на користење на дрогата кое не е својствено за овие 6 месеци, туку веројатно и во овој период се имаат зголемено тие проблеми.

Меѓутоа Вие со такво фрлање ги регистрирате сите тие само во овие 6 месеци. Меѓутоа она што е најбитно, уште еднаш повторувам, имињата и презимињата тука пред јавноста за така високи политички функции.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор пратеникот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Да не останеме недоречени, јас бев многу дециден на говорницата кога излегов. Посочив еден пример кој е така и ќе му го соопштам на директорот на таа државна институција и за името и за презимето.

Инаку имаме податоци дека човекот порано беше тргнат од функција, која порано ја обавуваше поради сознанија кои ги добивме од полицијата дека е регистриран наркоман. Сега од пред 2, 3 дена имам информација дека истиот тој човек е вратен во истражно одделение. И немојте да гледате зло во тоа што го кажувам овде. И сега да не ги блатиме луѓето со име и презиме, јас ќе му посочам на директорот да си поведе сметка. Ние сме ги имале тие информации, можеби биле против тоа лице злонамерни тогаш, можеби имало некој личен конфликт од полицијата спрема него. Меѓутоа добро е да се знае.

Инаку, во ниеден момент во мојот говор кога излегов не го доведов во прашање формирањето на оваа комисија и давање на големи ингеренции и овластувања што може да прави спречување на ова зло на 21 век.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас сфаќам дека г-динот Илоски е конфузен. Мешањето баби и жаби е проблем на одредени ментални структури.

Инаку кога говориме за вакви работи, немојте да говорите глобално: имате високи функционери кои се фиксаат, или дрогираат. Би го прашал, случајно да не мислите на припадници на Ваша партија кои секое сабајле шмркаат.

Мислам дека пораката Ви е на погрешно место адресирана. Преиспитајте се внатре, во вашата партија. Инаку стоиме на располагање да го слушнеме името за кое цело време говорите. Повелете, кажете го овде јавно.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, ова објаснување кое сега го даде колегата пратеник, знаете каква разлика е тоа. Тоа е разлика како од камено доба да дојдеме сега пред крајот на 20-от век. Така Вие рефериравте од тврдење тука дека станува збор за поставување на високи позиции во државата, се сведовте на некој пример за кој се уште немате храброст да го посочите тука. Без разлика, можеби е направена една таква грешка, меѓутоа видете, ние сме тука пратеници, мислам дека треба да имаме сериозно однесување кон зборот што ќе го соопштиме.

Инсистирам и натаму повелете, соопштете го името и презимето. А тоа што Вие од една крупна форма која ја претставивте пред јавноста, рефериравте многу скромно, изгледа нема зависност само од дрога во животот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сакам да Ви укажам на неколку работи.

Прво, општата расправа е завршена. Ние водиме амандманска расправа.

Немојте да се враќате повторно на општа расправа.

Ако нешто во однос на амандманите имаме, да ја водиме расправата.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Само уште една реченица, да не останеме недоречени, мислам околу менталните структури.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Второ, сфатете ја сериозноста на комисијата, да не ја доведуваме сега со споредни прашања и со некои споредни забелешки.

Во прашање е идејата, во прашање е настојувањето.

Ние водевме расправа по ова прашање кога ја разгледувавме Информацијата на Министерството за внатрешни работи.

Ние се произнесовме за ова денеска што го имаме. Ова е само операционализација на таа информација.

Да не се враќаме повторно назад.

Едноставно јас не гледам разлика помеѓу тоа што е даден 20 јули и 45 дена. Ако земете од денеска тоа се пак 45 дена.

Според тоа, тука суштинска разлика нема и не би требало околу тоа да се расправаме.

Бидејќи изгубивме една недела во оваа седмица, затоа побаравме уште една недела продолжение има големи подготовки околу изработката на самата програма, неколку состаноци мора да се одржат со стручни лица, да се подготви таа програма, па финансиска пресметка ќе има таа програма и многу други обврски, што ќе произлегуваат за субјективе во наредниве 4 години, не е тоа до крајот на годинава.

И затоа рековме да се продолжи рокот. Тука беше смислата, а се поклопуваат двата рока и на Комисијата за внатрешна политика и од денешниот датум. Според тоа, тука не гледам разлика во сфаќањата. Па дури и не гледам суштинска разлика и во другиве амандмани што се поднесени.

Според тоа, тука да не се надмудруваме и знаете како, ние често пати и странично одиме и од збор на збор ќе ја изгубиме целта и смислата за која што треба да постои и конечно дигнитетот на Собранието во смисла на спроведувањето на акцијата што сакаме да ја направиме.

Дајте тука малку да ги смириме страстите и едноставно да видиме што е она што е спорно.

Ако треба ќе дадам и пауза за да можеме да се усогласиме.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Само една реченица и тука би завршиле без разлика на натамошните прозивки.

Јас би молел да се извади стенограмот, да видам кого од високите функционери прозивав. Напротив најдобро намерно излегов да зборувам за едно зло што ни се појавува да речам како, тоа е модерен израз колатерална штета на сите овие акции што ги преземаме. И ако така се сфати, тогаш навистина сите сме на правиот пат. Ако се сфати поинаку, тогаш навистина нема што да дискутираме ние на оваа тема. Залудно си носиме одлуки, повторно повторувам. А инаку најдобро намерно ќе го...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г. Тито Петковски, процедурално.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин претседател, јас се согласив со сугестијата на претходниот претседавач, потпретседателот на Собранието, бидејќи сум еден од предлагачите на оваа одлука, а амандманите на комисиите немав можност да ги погледам заедно со другите сопредлагачи и мислам дека добив некоја согласност и од другите предлагачи, сепак, или да направиме пауза или на крај да остане оваа точка, за да ги погледаме амандманите заедно и тогаш да можеме да се произнесеме.

(Повеќе пратеници од своето место предлагаат да се даде пауза).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ние можеме овде, бидејќи последната точка ни е избор на Комисијата, според тоа, зависи од амандманите овде како ќе се усогласат и колку ќе брои таа комисија.

Според тоа, ние мораме оваа точка да ја завршиме, па понатаму да одиме на другите точки и да дојдеме до онаа точка кога ќе вршиме избор на Комисијата.

Во тој дух, јас предлагам, а и онака е време малку за пауза, предлагам пауза од половина час, Комисијата да се состане, да ги усогласи ставовите и потоа да продолжиме со работа.

Значи, да продолжиме некаде во 16,15 часот со работа.

(Пратеникот Никола Поповски процедурално бара збор).

Ве молам, немојте процедурално. Сакате подолга пауза?

Процедурално збор побара г. Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас се согласувам со предлогот на г. Петковски, но уште еднаш јавно би го повикам г. Илоски да го обнароди името на господинот на кој цело време мисли.

Мислам дека е времето овде на оваа говорница, за да не се создава фама кои се тие врвни раководители од државата.

Едноставно нека го обнароди овде пред сите нас.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Поповски има збор, процедурално.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господин претседател, јас се извинувам, ќе Ве замолам во името на пратеничката група, иако надлежноста за текот на седниците е ваша, постои некое непишано правило дека Парламентот работи до 17,00 часот, доколку не се договориме да го измениме тоа за редовно да знаеме како пратеничка група, обично сметаме до 17,00 часот. Денес ние уште од 9,00 часот како пратеничка група имавме состанок и продолживме веднаш на седницава без пауза, а сега е 15,50 часот. Предвидував ако дадеме пауза и се собереме тоа ќе биде после 17,00 часот да продолжи расправата на седницата, а пратеничката група на СДСМ има закажано и договорено активности за 17,00 часот, на кој треба да присуствуваме 90% од пратениците.

Бидејќи секогаш до 17,00 часот сме работеле, би Ве замолил, доколку има разбирање да го почитувате ова што ние планиравме дека до 17,00 часот ќе работиме, а сега се плашам да не продолжи после 17,00 часот, ние не сме во можност да присуствуваме.

Ако дадеме пауза, тогаш да ја направиме така да не продолжуваме денес, затоа што ќе истече времето, а не сме ни ручале, отсабајле работиме постојано. Молам ако дадеме пауза, да не продолжуваме денес или да продолжиме сега само со точките за кои има присутни претставници од Судскиот совет, да ги избереме судиите и да завршиме за денес, за да можеме и нашето време да го планираме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислам дека е прифатливо ова, односно да продолжиме со они точки што не се спорни, а Комисијата во меѓувреме ќе се состане, ќе ги усогласи ставовите и одиме понатаму.

Тогаш ќе одиме на следната точка.

Преминуваме на Осмата точка - Барање за давање на автентично толкување на член 54 од Законот за локалните избори, поднесено од Заедниците на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија.

Барањето и Извештајот на Законодавно - правната комисија Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање на автентично толкување на член 54 од Законот за локалните избори ("Службен весник на Република Македонија" број 46/96), поднесено од Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија, не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член, од причините содржани во Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок, заедно со Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија, да се достави до Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме за 10 секунди.

За предложениот заклучок 57 пратеници гласаа за, 1 пратеник е воздржан и 2 пратеници се против.

Според тоа, мислам дека го усвоивме предложениот заклучок.

Инаку, присутни се 85 пратеници, според ова што го пишува овде, а колку гласале, е друго прашање.

Можеби не гласале, но важно има присутни 85 пратеници.

Преминуваме на Деветтата точка - Барање за давање на автентично толкување на член 12 од Законот за банки и штедилници, поднесено од Народната банка на Република Македонија.

Барањето и Извештајот на Законодавно - правната комисија Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека - Барањето за давање на автентично толкување на член 12 од Законот за банки и штедилници ("Службен весник на Република Македонија" б рој 29/96 - Пречистен текст), поднесено од Народната банка на Република Македонија не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување

на овој член, од причините содржани во Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до Народната банка на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме за 10 сек.

За предложениот заклучок гласаа 66 пратеници, немаме ниту воздржани ниту против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на Десеттата точка - Барањето за давање на автентично толкување на член 87 став 2 од Законот за семејството, поднесено од министерот за труд и социјална политика.

Барањето и Извештајот на Законодавно - правната комисија Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање на автентично толкување на член 87 став 2 од Законот за семејството ("Службен весник на Република Македонија" број 80/92), поднесено од министерот за труд и социјална политика не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член, од причините содржани во Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок, заедно со Извештајот на Законодавно -правната комисија на Собранието на Република Македонија, да се достави до министерот за труд и социјална политика.

Предложениот заклучок го ставам на гласање, во рок од 10 сек.

За предложениот заклучок гласаа 66 пратеници, воздржани нема, против се 2 пратеници.

Според тоа, констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминување на Единаесеттата точка - Предлог за избор на судија на Апелационен суд во Скопје.

Предлогот за избор на судија и Мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судија на Апелационен суд во Скопје го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме, во рок од 10 сек.

За предлогот гласаа 60 пратеници, 1 е воздржан и 2 се против.

Според тоа, констатирам дека Лилјана Савовска е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Преминуваме на Дванаесеттата точка - Предлог за избор на судија на Основниот суд Скопје I - Скопје.

Предлог за избор на судија и Мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судија на Основниот суд Скопје I - Скопје го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предложениот заклучок гласаа 66 пратеници, воздржани нема, против се 2 пратеници

Според тоа, констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминување на Единаесеттата точка - Предлог за избор на судија на Апелационен суд во Скопје.

Предлогот за избор на судија и Мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судија на Апелационен суд во Скопје го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме, во рок од 10 сек.

За предлогот гласаа 60 пратеници, 1 е воздржан и 2 се против.

Според тоа, констатирам дека Лилјана Савовска е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Преминуваме на Дванаесеттата точка - Предлог за избор на судија на Основниот суд Скопје I - Скопје.

Предлог за избор на судија и Мислењето на Комисијата за прашања на

изборите и именувањата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судија на Основниот суд Скопје I - Скопје го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 63 пратеници, 1 пратеник е воздржан и 3 се против.

Констатирам дека Никола Ивановски е избран за судија на Основниот суд Скопје I - Скопје.

Преминуваме на Тринаесеттата точка - Предлог за разрешување и избор на судии поротници во Основниот суд во Гостивар.

Предлогот за разрешување и избор на судии поротници Ви е доставен.

Отворам претрес во Предлогот за разрешување на судии поротници во Основниот суд во Гостивар.

Молам, кој бара збор.

Збор побара г. пратеник Мухамед Тахири.

**МУХАМЕД ТАХИРИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, почитувани гости, Предлогот за разрешување и избор на судии поротници во Основниот суд во Гостивар од страна на претседателот на Основниот суд во Гостивар, изборот не е прифатлив, бидејќи од деветто јунскиот монтиран судски процес гостиварскиот настан уште е присутен во овој суд. Затоа имам аргументи од странките кои ги поканиле, а тоа се Пули Месут и Зибери Сејфедин. На 18.06.1999 година се поканети. За мене лично и за многу судии и заменици на јавни обвините во Основниот суд во Гостивар се не прифатливи, но за ова во друга прилика.

Само еден пример да кажам. Јавната организација Комуналец - Водовод - Гостивар е единствена Јавно претпријатие во државата кое над пет години е во стечај, а никако да се реши од овој суд.

Поради тоа, од страна на пратеничката група на ДПА овој предлог не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Тука е претседателот на Републичкиот судски совет, кој што е подносител на Предлогот, дали тој би сакал да се произнесе?

Има збор Ристо Ангелковски, претседател на Основниот суд во Гостивар.

**РИСТО АНГЕЛКОВСКИ:**

Почитуван претседател, дами и господа пратеници, должен сум да појаснам накратко.

Се работи за 10 судии поротници, од кои 2 од изборот, во меѓувреме се починати, 2 не потпишале изјави од донесување на Одлуката за избор и останатите се предлага да се разрешат поради не активност.

Сакам да појаснам дека се водело сметка за составот и структурата на предложените судии поротници, така што во однос на националната структура, како што гледате од тие 10 се 6 од националностите, а 5 се македонци.

Прашањето за избор на судии поротници Вам Ви е познато. Своевремено овој Парламент донел одлука и кај нас се избрани 80 поротници. Сакам да појаснам дека, интересот во времето кога се сочинуваше листата на судии поротници и покрај тоа што беше запозната јавноста преку соопштение, преку локалната радио станица и преку дневниот печат, интересот беше многу мал.

Меѓутоа, Основниот суд е во обврска, според Законот за редовните судови, овие промени редовно да ги следи и ние доставивме предлог до Собранието, согласно Законот за судовите, за избор односно претходно разрешување на 10 судии поротници, кажав кои се причините и за избор на нови 10.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам за информациите.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и најнапред Предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата за разрешување на судии поротници во Основниот суд во Гостивар го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме во рок од 10 сек.

За предлогот гласаа 15 пратеници, воздржани се 8, против се 43 пратеници.

Според тоа, Предлогот не е усвоен.

Во тој случај би требало да отпадне и наредниот дел од точката, бидејќи имаме предлог на поротници, така што точката отпаѓа комплетно.

Преминуваме на Четиринаесеттата точка.

Деловнички збор побара господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Помина 16,00 часот и јас би Ве замолил да прекинеме тука, во името на пратеничката група, од причините кои претходно ги најавив, за да можеме да одиме на состанокот кој ни е закажан и да имаме барем половина час да ручаме, со оглед дека работиме без прекин.

Истовремено, во името на пратеничката група на СДСМ, г. претседател, со оглед на некои најавени активности на СДСМ, кои и дел од пратениците на коалицијата ги спомнуваа неколку пати на говорницата, ние

утре нема да бидеме во можност да присуствуваме на работа на Собранието заради договорени активности и би Ве замолил доколку е тоа можно утре Собранието да не заседава, па да продолжиме во петок.

Во име на пратеничката група на СДСМ предлагаме, доколку е тоа за Вас прифатливо, да прекинеме, а наредната седница согласно вашите уставни овластувања да ја закажете било кога, меѓутоа не во утрешниот ден, затоа што ние имаме договорени обврски и заради кои нема да можеме да присуствуваме на работата на Собранието утре.

Затоа, би Ве замолил, ако прекинеме да не продолжуваме утре, туку евентуално во петок или други денови кои согласно Деловникот Вие ќе ги определите, меѓутоа не во утрешниот ден заради нашата неможност да присуствуваме утре на работата на Собранието како пратеничка група. Доколку цените, би Ве замолил да ги прифатите овие наши барања, да прекинеме со работа и да закажете продолжување на седницата или во петок или согласно вашите видувања во некој нареден ден.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани пратеници, за 30 јуни е закажана нова седница, Вие имате добиено известување дека Дваесет и втората седница на Собранието ќе биде во среда.

Оваа седница, ако не ја одржиме утре, како што има барање од пратеничката група на СДСМ, тогаш би требало во петок да ја одржиме. Во петок во 11,00 часот седницата би била.

Јас мислам да имаме разбирање за нивните обврски и ангажмани, тоа е сепак опозиција, не би требало само ние да ги донесуваме одлуките.

Јас мислам дека има разбирање и кај вас и тогаш да ја прекинеме денес седницата, да ги прифатиме образложенијата на пратеничката група на СДСМ и да продолжиме со работа во петок во 11,00 часот.

Дотогаш да се усогласат ставовите на Комисијата.

(Седницата прекина во 16,05 часот).